ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО – МАКЕДОНИЈА
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКО ОБРАЗОВАНИЕ

# СÈ ШТО САКАВТЕ ДА ЗНАЕТЕ ЗА ЕУ

Скопје, април 2009

СЀ ШТО САКАВТЕ ДА ЗНАЕТЕ ЗА ЕУ

Издава:
**Фондација Институт отворено општество – Македонија**

За издавачот:
**Владимир Милчин**, извршен директор

Уредници:
**Фани Каранфилова-Пановска**
**Кире Миловски**

Автор:
**Македонски центар за европско образование**

Лектура:
**АБАКУС**

Ликовно-графичко обликување:
**Бригада Дизајн**

Печат:
**Скенпоинт**

Тираж: 4200 примероци

# ПРЕДГОВОР

Република Македонија стекна статус на држава-кандидат во 2005 година, и оттогаш поминаа повеќе од 3 години а државата се уште нема отпочнато преговори за членство.

Проектот „Акција за Европа" има за цел да придонесе кон подигање на јавната свест за важноста за забрзување на процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија. Проектот е планиран како серија од настани за промоција на Европската унија и придобивките од пристапувањето на Република Македонија во Европската унија, вклучувајќи и дебати за предизвиците на РМ на патот кон ЕУ. Проектот започна во 2009 година, а ќе продолжи и во други општини во текот на 2010.

Оваа брошура треба да им обезбеди на граѓаните основни информации за Европската унија и нејзините заеднички политики и притоа да ги подготви да можат да донесуваат информирани одлуки за сите поважни прашања од процесот на пристапување во ЕУ. Очекуваме брошурата да го зголеми на залагањето и притисокот од страна на граѓаните врз сите чинители во процесот на пристапување на РМ во ЕУ за исполнување на клучните препораки од Пристапното партнерство и обезбедување препорака за отпочнување пристапни преговори со Извештајот за напредокот на ЕК во 2009 година.

Брошурата се реализира како активност во рамките на проектот „Акција за Европа" кој го реализираат Фондацијата Институт отворено општество-Македонија во соработка со Македонскиот центар за европско образование, Младинскиот образовен форум, Младинскиот културен центар од Битола и дванаесетте ресурсни центри за поддршка на невладини организации[1] кои функционират во 12 општини[2] низ Македонија.

од Авторите

1 Фондација за развој на локалната заедница – Штип, Фондација за локален развој и демократија Фокус – Велес, Центар за поддршка и развој – Прилеп, Центар за развој на заедниците – Кичево, Центар за оддржлив развој Порта – Струмица, Центар за поддршка на заедниците – Ресен, Центар за оддржлив развој на зедниците – Дебар, Регионален центар за застапување – Делчево, Центар за локален развој Антигонеа – Неготино, Регионален центар за оддржлив развој – Кратово, Аква – Струга, МКЦ – Битола и Регионален центар за оддржлив развој - Гевгелија

2 Кратово, Делчево, Струмица, Гевгелија, Неготино, Штип, Велес, Прилеп, Кичево, Дебар, Струга, Ресен

# СЀ ШТО САКАВТЕ ДА ЗНАЕТЕ ЗА ЕУ

# КАКО ДО ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА?

## 1 Дали пристапувањето во Европската унија е прашање на политичка одлука?

Не. Одлуката ја носат политичарите, но тоа никако не е политичка одлука. Во минатото постојат примери кога приемот на одредена држава-членка бил прашање на политичка одлука. На пример, покрај фактот дека Обединетото Кралство барало прием во членство во Унијата во шеесеттите, Франција во два наврата го блокирала неговиот прием. Обединетото Кралство пристапило во членство во Унијата во 1973 година, пет години по смената на Шарл де Гол и изборот на Валери Жискар д'Естен за претседател на Франција.

Последната политичка одлука за прием на нова држава-членка Европската унија ја донесе во 1981 година, кога и покрај негативното мислење на Европската комисија, Советот на министрите одлучи да ја прими во членство Република Грција. Последиците од оваа одлука Европската унија ги чувствува и денес (не само поради спорот со името со Република Македонија, туку и во делот на спроведувањето на европското законодавството). Оттогаш Европската унија одлучи веќе никогаш приемот на одредена држава во членство во Унијата да не го заснова исклучиво на политичка одлука, па затоа ги дефинира т.н. Копенхагенски критериуми.

## 2 Како Европската унија цени дека една држава е подготвена да стане членка?

На крајот на осумдесеттите, со промената на политичките системи на државите од Средна и од Источна Европа и нивното барање за пристапување, Европската унија ги утврди критериумите според кои ќе се оценува подготвеноста за пристапување во членство во ЕУ. Критериумите беа утврдени на Самитот (состанок на Европскиот совет) во Копенхаген во 1993 година и поради тоа се познати како Копенхагенски критериуми. Разликуваме три копенхагенски критериуми

- политички критериум, кој подразбира постоење на стабилни институции што ја гарантираат демократијата, владеењето на правото и заштитата на основните човекови и малцински права;
- економски критериум, кој подразбира постоење на функционална пазарна економија, како и капацитет за соочување со притисокот на конкуренцијата и на пазарните сили во ЕУ, и
- правен критериум, кој подразбира способност да се исполнат обврските што произлегуваат од членството во Унијата, вклучувајќи ја и политичката, економската и монетарната унија.

## 3 Кога Република Македонија ќе го исполни политичкиот критериум?

Во моментот кога во Република Македонија ќе постојат ***стабилни институции*** (кои не го менуваат составот на државната администрација штом ќе се промени власта) кои ја гарантираат демократијата (односно се транспарентни, отворени, ефективни, ефикасни и не претпоставуваат што сакаат граѓаните, туку ги консултираат граѓаните за битните општествени прашања) и се раководат според законите, а не според убедувањето на одредена политичка партија и кои ги заштитуваат основните човекови и малцински права (правото да се биде правилно информиран, а не да се емитуваат селективни информации, правото да се изнесе мислење кое не мора секогаш да биде во согласност со она на власта, правото на квалитетно образование, правото на вработување според квалификациите што се поседуваат, а не според партиската книшка итн.). И, се разбира, во моментот кога слободните, фер и демократски избори ќе станат нормална појава којашто нема да ја ангажира целата полиција.

## 4 Кога Република Македонија ќе го исполни економскиот критериум?

Република Македонија ќе може да каже дека го исполнила економскиот критериум во моментот кога нема да се интервенира на пазарот со протекционистички мерки, кога нелојалната конкуренција нема да го искривува пазарот само затоа што е во блиски врски со власта, кога нема да има селективност во контролирањето на фирмите, кога истите правила ќе важат за сите фирми, кога колачот на јавните набавки ќе се дели според остварениот ефект, а не според политичката афилијација и кога судовите брзо и стручно ќе одлучуваат за стопанските спорови. Претпријатијата кои ќе постојат во ваква Македонија ќе напредуваат брзо, ќе можат лесно да се справуваат со притисокот на конкуренцијата и пазарните сили во ЕУ и целата своја енергија и сите свои ресурси ќе ги насочат кон иновации и истражување.

## 5 Кога Република Македонија ќе го исполни правниот критериум?

Правниот критериум ќе се исполнува подолгорочно. Република Македонија мора да го преземе целото законодавство на ЕУ и да го вгради во своето законодавство. Овој процес интензивно се спроведува уште од 2001 година. Секоја година Владата донесува Национален план за преземање на правото на Европската унија. Но, исполнувањето на правниот критериум не значи само донесување закони, туку и нивно доследно спроведување, а за тоа се потребни силни институции кои се придржуваат кон принципот на владеење на правото. Обврските од членството, исто така, подразбираат и државен апарат кој не само што ќе ги применува законите, туку и ќе умее активно да учествува во креирањето на иднината на ЕУ.

# 6 Кои чекори ги презела Република Македонија во процесот на пристапување кон Европската унија?

Република Македонија развива билатерални односи со Европската унија од моментот на своето осамостојување, односно од 1995 година, кога државите-членки на Европската унија ја признаа РМ и воспоставија дипломатски односи. Во овој период Република Македонија преземаше разни чекори за приближување кон Европската унија и сега е држава-кандидат за членство во Унијата, која чека на отпочнување на преговорите.

Еве како течеше процесот:

**ЧЕКОР 1.**

*ПОЛИТИКА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ КОЈА ПРЕДВИДУВА МОЖНОСТ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ ДРЖАВИ:*

- Овој чекор е направен. Имено, ЕУ во 2003 година јасно и прецизно кажа дека државите од Западен Балкан ќе можат да станат држави-членки на ЕУ. Тоа се случи за време на грчкото претстедателство со ЕУ, па затоа целиот процес се нарекува Солунската агенда.

**ЧЕКОР 2.**

*ЕУ ПРАВИ ФИЗИБИЛИТИ-СТУДИЈА ЗА ДА ВИДИ ДАЛИ ЗАИНТЕРЕСИРАНАТА ДРЖАВА ИМА КАПАЦИТЕТИ ЗА ЧЛЕНСТВО:*

- И овој чекор е направен. Имено, на 21 јуни 1999 година ЕУ ја изготви физибилити-студијата за РМ, констатирајќи дека државата има капацитет да го започне процесот.

**ЧЕКОР 3.**

*ОТВОРАЊЕ ПРЕГОВОРИ ЗА ПОТПИШУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА (ССА):*

- И овој чекор е направен. Имено, на 8 март 2000 година беа отворени преговорите за потпишување на ССА, која беше парафирана на 24 ноември 2000 година.

**ЧЕКОР 4.**

*ПОТПИШУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА (ССА) МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕУ:*

- И овој чекор е направен, и тоа на 9 април 2001 година, среде најголемата криза во Република Македонија, што зборува за волјата на ЕУ.

**ЧЕКОР 5.**

*РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА (ССА):*

- И овој чекор е направен. Собранието на РМ ја ратификуваше ССА на 12 април 2001 г., додека ратификацијата од сите други држави-членки траеше подолго, со оглед на тоа дека ЕУ-15 требаше да го стори тоа. ССА влезе во сила на 1 април 2004 година.

**ЧЕКОР 6.**

*ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊЕ ЗА ПРИЕМ ВО ЧЛЕНСТВО*

- И овој чекор е направен, на 28 март 2004 година. Потоа чекавме Европската комисија да го изготви Прашалникот што требаше да го одговориме. Прашалникот го добивме на 1.10.2004 година, и тоа лично од – верувале или не – тогашниот претседател на Европската комисија, г. Романо Проди, што зборува за политичката волја на ЕУ.

**ЧЕКОР 7.**

*ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОРИТЕ ОД ПРАШАЛНИКОТ:*

- И овој чекор е направен. Имено, на Денот на вљубените, 14 февруари 2005 година, Република Македонија го одговори Прашалникот на 14.000 страници и го достави во Брисел. По тој повод, Хавиер Солана изјави дека е тоа „најдолгото љубовно писмо што го добила ЕУ".

ЧЕКОР 8.

*ИЗВЕШТАЈ СО ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ И ПРЕПОРАКА ЗА ДОБИВАЊЕ СТАТУС НА ДРЖАВА-КАНДИДАТ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ:*

- И овој чекор е направен. Имено, на 9 ноември 2005 година Европската комисија го анализираше Прашалникот и изготви Аналитички извештај на кој се темелеше препораката на Република Македонија да и се додели статус на држава-кандидат за членство во ЕУ.

ЧЕКОР 9.

*ДОБИВАЊЕ СТАТУС НА ДРЖАВА-КАНДИДАТ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ:*

- И овој чекор е направен, и тоа на 15-16 декември 2005 година. Република Македонија доби статус на држава-кандидат од Советот на ЕУ за време на претседателствувањето на Обединетото Кралство. За потсетување, заедно со статусот ни беше кажано што треба да сработиме за да добиеме датум за почеток на преговорите за членство, и тоа: 1) Демократски парламентарни избори; 2) Донесување на Законот за полицијата; 3) Реформа на Државниот судски совет и именување на неговите членови; 4) Едношалтерски систем за регистрација на фирми, и 5) Правилно спроведување на ССА.

## 7 Што ни преостанува?

Ни преостанува уште чекорот 10.

ЧЕКОР 10.

*ДОБИВАЊЕ ПРЕПОРАКА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПРЕГОВОРИТЕ, ЗАЕДНО СО ИЗВЕШТАЈОТ ЗА НАПРЕДОКОТ ОД ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА*

- Овде се сопнавме и никако да го направиме овој чекор. За потсетување: пред изборите во 2006 година се заокружи едношалтерскиот систем и се донесе Законот за медиумите, потоа следуваа изборите во 2006, кои беа оценети за демократски, а новата Влада веднаш го донесе Законот за полицијата. Остана уште Државниот судски совет, но тој се претвори во бескрајна приказна. И така две години. За работите да мрднат од мртва точка, Европската комисија ни даде 8 репери и се обврза дека ќе добиеме препорака доколку ги исполниме.

За полесно да се разбере ова, македонската приказна изгледа приближно вака: Македонија сака да изгради куќа во населбата ЕУ. Генералниот и деталниот урбанистички план (чекор 1) даваат такви можности, но предвидуваат и процедура и услови што треба да се исполнат (чекорите 2, 3, 4 и 6). Македонија ја собра сета потребна документација за да добие дозвола за градба (чекор 7). Надлежните го разгледаа барањето (чекор 8) и ни дозволија да градиме, па дури и обезбедија пари за градење (чекор 9). Но, сега Македонија сака да ја почне градбата од покривот надолу, а инвеститорот (ЕУ) не дозволува и инсистира да се почне од темелите (ПРВО, ПРЕПОРАКА во извештајот), потоа ѕидовите (ДАТУМОТ) и на крај покривот (ПРЕГОВОРИТЕ), односно да го направиме овој последен чекор.

## 8 Што потоа?

Под претпоставка дека претседателските и локалните избори ќе бидат оценети како фер и демократски, Република Македонија ќе треба целосно да ги исполни осумте репери и да добие препорака за почеток на преговорите за членство од страна на Европската комисија во Извештајот за напредокот 2009 година. Таа препорака ќе ја разгледа Советот на ЕУ и ќе го утврди датумот за почеток на преговорите. Но,

преговорите нема да започнат веднаш. Зошто? Неизводливо е Македонија да преговара со 27-те држави-членки одеднаш, па затоа преговорите ќе ги води Европската комисија, но таа треба да добие мандат од сите држави-членки. Европската комисија ќе го направи т.н. скрининг или ќе го скенира нашето законодавство и потоа, врз основа на резултатите, државите-членки поединечно ќе изготват позиции по сите 35 поглавја. Овие позиции ќе ја водат Европската комисија во преговорите и таа ќе знае до каде може да отстапува по одредени прашања. Самите преговори ќе траат неколку години. Државите од Средна и од Источна Европа, во просек, преговараа по 4-5 години. По завршувањето на преговорите ќе следува потпишување на договорот за членство и негово ратификување во сите парламенти на државите-членки, вклучувајќи го и нашето Собрание и Европскиот парламент.

По претпоставка дека Република Македонија ќе добие препорака за почеток на преговорите од Европската комисија во ноември 2009, нашиот пат кон членството би изгледал вака:



# КОИ СЕ ОСНОВНИТЕ ГРАЃАНСКИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА?

## 9 Дали постои европско државјанство?

Да. Државјанството претставува јавно-правен однос меѓу државата и нејзините граѓани што создава обврски за обете страни. Во Европската унија се прави обид да се промовира и европското државјанство, како концепт што ги обединува граѓаните на државите-членки под чадорот на вредностите и принципите што се заеднички за сите држави-членки, а со тоа и за Европската унија.

## 10 Што подразбира европското државјанство?

Концептот на европското државјанство подразбира:

а. слободно движење во рамките на Европската унија:
   - право да се избере живеалиште/престојувалиште во која било држава-членка, и
   - право да се патува во државите-членки без визи и без потреба од пасошка контрола, што се поврзува со слободата на движењето на лицата;

б. право на дипломатска заштита на европските државјани;

в. право на учество во одлучувањето по прашањата поврзани со локалната заедница во која лицето живее или право на учество на локални избори како гласач, меѓутоа и како кандидат за вршител на функција.

## 11 Дали европското државјанство го заменува државјанството на државите-членки?

Не. Европското државјанство не го заменува, ниту пак може да го замени државјанството на државите-членки. Суверeноста на државите-членки е неприкосновена и односот што тие го имаат со своите граѓани е ненарушен. Европското државјанство само го дополнува државјанството на државата-членка и притоа му додава соодветен, нов и поинаков квалитет поврзан со вредностите и принципите кои истото ги претставува. Оттука произлегува дека по пристапувањето во членство во Европската унија, граѓаните на Република Македонија ќе имаат и европско државјанство и притоа ќе можат да ги уживаат сите права што произлегуваат од истото.

## 12 Кој ги штити европските државјани?

Заштитата на правата од европското државјанство ја вршат најпрвин институциите во државите-членки, бидејќи остварувањето на истите најнапред се врши на местото на коешто лицето живее. Понатаму, заштита на правата од европското државјанство ја вршат и европските институции, се разбира во делот што е во нивна надлежност. Конечно, заштитата на европските државјани кога се наоѓаат во странство ја вршат и дипломатско-конзуларните претставништва. Секој граѓанин ја ужива дипломатската заштита од дипломатското претставништво на државата-членка од којашто потекнува. Во државите во кои некоја од државите-членки не е претставена, дипломатска заштита на нејзините граѓани ќе може да им укаже дипломатско-конзуларното претставништво на која било друга држава-членка.

## 13 Што работи Европскиот омбудсман?

Европскиот омбудсман е службеник/функционер во Европската унија кој се грижи за заштитата на правата на европските граѓани од повреда којашто може да ја направат европските институции. Европскиот омбудсман има значајна улога во однос на контролата на функционирањето на европските институции и почитувањето на Кодексот на доброто владеење. Тој врши контрола на доброто владеење по поднесените претставки од страна на европските граѓани, а преку поднесување извештаи пред Европскиот парламент.

## 14 Која е разликата меѓу човековите права и правата од правото на Европската унија?

Кога се зборува за човековите права во Европската унија обично се мисли на Европската конвенција за човековите права на Советот на Европа или, уште подобро, на Повелбата за основните човекови слободи и права на Европската унија. Првиот документ ни е добро познат, бидејќи го има ратификувано и Република Македонија и истиот ги заштитува основните човекови права на нашите граѓани, како пред нашите судови, така и пред Европскиот суд за човековите права. Вториот документ е документ на Европската унија и претставува дел од новиот Реформски договор, попознат како Лисабонски договор. Правата од правото на Европската унија се нешто многу поширoко од човековите права, т.е. станува збор за права што произлегуваат од севкупното законодавство на Европската унија, а ги уживаат сите европски државјани. Правата од правото на Европската унија се однесуваат на сите заеднички политики и за нивна заштита се грижи Европскиот суд на правдата, како и судовите во државите-членки.

## 15 Која е листата на основните граѓански и човекови права чијашто заштита ја регулира Повелбата на Европската унија за основните човекови слободи и права?

Повелбата на Европската унија за основните човекови права е првиот обид на Унијата основните човекови слободи и права да се регулираат со еден документ. Во рамките на Повелбата се регулира целиот корпус граѓански, политички, економски и социјални права на европските државјани. Правата што ги регулира Повелбата се групираат во шест секции кои се однесуваат на човековото достоинство; основните слободи; еднаквоста; солидарноста; граѓанските права, и правдата и пристапот до правдата, а се засноваат на правата и слободите признаени со Европската конвенција за човековите права, уставните традиции на државите-членки на Унијата, Социјалната повелба на Советот на Европа, Повелбата на Заедницата за основните социјални права на работниците, како и на голем број други меѓународни договори кои се ратификувани од страна на државите-членки на Унијата.

Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg

# ЕВРОПСКИ ПАРИ

## 16 Како се планираат европските пари?

За постратегиско трошење на средствата, Европската унија ги планира парите во седумгодишен циклус кој го нарекува финансиска перспектива. Оваа финансиска перспектива ги опфаќа годините 2007–2013 и таа ги отсликува приоритетите на ЕУ (а со тоа и оправданоста на потрошените пари од буџетот на ЕУ), а тоа се:

- за поконкурентна ЕУ, економски раст и кохезија и за отворање нови работни места (Регионалната политика на ЕУ);
- за земјоделство, рибарство и животна средина;
- за надворешни политики и зајакнување на улогата на ЕУ на глобалната сцена (намерата ЕУ да се стане меѓународен играч);
- за европско државјанство (Правда и внатрешни работи), и
- за административни трошоци на ЕУ- институциите.

Третиот приоритет е важен за Република Македонија. Очигледно е дека ЕУ планира да се наметне на светската сцена и да ги пласира своите „вредности", а една таква вредност е безбедноста, односно „извозот на безбедноста". Ако ја погледнеме реформираната надворешна помош (од каде што произлегува и ИПА) ќе забележиме дека ЕУ воведува нови инструменти. За да ги пласира своите вредности, ЕУ воспостави и соодветен механизам (за првпат), а тоа е т.н. инструмент за соработка со индустријализираните држави и територии и со државите со висок доход (што значи дека сега ќе меша средства со САД, Канада, Австралија итн.). Инструментот за стабилност е исто така нов, заради „извезувањето на стабилноста", и многу наликува на македонскиот Рамковен договор. Оттука, Македонија треба да го капитализира Рамковниот договор (или, барем, да го искористи како конкурентна предност во однос на другите држави).

## 17 Како Европската унија одлучува за што ќе се трошат парите?

Откако ќе ги утврди глобалните приоритети во седумгодишната финансиска рамка, Европската унија одредува на кои работи треба да се фокусира и финансиски да ги поддржи. Финансиската рамка 2007–2013 е програмирана во поддршка на новата лисабонска агенда и поддржува три цели што треба да ги исполни ЕУ. Првата цел е подобрување на привлечноста на државите-членки, регионите и градовите, преку подобрување на пристапноста, обезбедување адекватен квалитет на услугите и заштита на животната средина. Тоа значи дека ЕУ ќе го финансира проширувањето и подобрувањето

на транспортната мрежа, ќе ја зајакнува синергијата меѓу заштитата на животната средина и порастот и ќе го решава проблемот на Европа со интензивното користење на традиционалните извори на енергија. Втора цел на ЕУ е поттикнување на иновациите, претприемаштвото и економијата на знаење преку истражување и иновации, вклучувајќи и нови информативно-комуникациски технологии. Тоа значи дека ЕУ ќе инвестира во зголеменото истражување и развој на технологиите, ќе ги поттикнува иновациите и претприемаштвото, ќе промовира информатичко општество за сите и ќе го подобри пристапот до финансиите. Трета цел на ЕУ е отворање на повеќе и подобри работни места, преку вработување и претприемачки активности, подобрување на адаптибилноста на работниците и претпријатијата и зголемено инвестирање во човечките ресурси. Тоа значи дека ЕУ ќе финансира проекти што ќе ги привлекуваат и ќе ги задржуваат луѓето во работен однос, а државите-членки ќе ги модернизираат своите системи за социјална заштита, ќе ја подобрува адаптибилноста на работниците, претпријатијата и ќе ја зголемува флексибилноста на пазарот на трудот, ќе инвестира во човечки капитал (преку подобро образование и поголеми вештини), ќе го зголемува административниот капацитет на државите-членки и ќе обезбеди помош за одржување на здрава работна сила.

## 18 Како ЕУ одлучува на што ќе се трошат парите од инструментот за претпристапна помош (ИПА)?

Логично е стратегиската рамка на ЕУ за периодот 2007–2013 да биде вградена и кај сите други финансиски инструменти, вклучувајќи го и инструментот за претпристапна помош (ИПА). Затоа, кога одблизу ќе се разгледаат проектите што ќе бидат поддржани од ИПА, се забележува рефлексија на трите цели на ЕУ (транспортни мрежи, енергија, животна средина, претприемаштво, иновации, истражување, човечки ресурси, земјоделски развој итн.). Сепак, главна цел на ИПА е претпристапувањето, па затоа дел од средствата ќе бидат наменети за подготовка на државите за членство, преку градење на соодветните институции кои ќе бидат способни да ги преземат сите обврски од членството во ЕУ.

## 19 Како е структуриран ИПА и зошто?

Структурата на ИПА ќе зависи од две работи: а) за кого е наменета и б) што ќе поддржува. Порано, пред 2007, постоеја два различни инструменти за државите-кандидатки (**PHARE**, **ISPA** и **SAPARD**) и за потенцијалните држави-кандидатки (**CARDS**). Сите овие инструменти имаа посебни правила за администрација. За да го олесни преминот на државите од еден статус во друг, а притоа да не предизвика застој во користењето на средствата, ЕУ предвиде ИПА да ги третира државите со двата различни статуса. Затоа, ИПА е структуриран во пет компоненти (I компонента за градење институции и транзиција, II компонента за прекугранична соработка, III компонента за регионален развој, IV компонента за развој на човечките ресурси и V компонента за рурален развој), но учеството на потенцијалните држави-кандидатки е ограничено на првите две компоненти. Зошто?

За да се одговори на ова прашање, ќе треба да видиме за што служи секоја компонента по-

единечно. Првата компонента служи за градење на институциите и за транзиција (односно за транзиција од држава-кандидатка во држава-членка на ЕУ) и логично е со оваа компонента да се градат капацитетите на институциите кои државите мора да ги имаат доколку сакаат да бидат членки на ЕУ.

Втората компонента служи за прекугранична соработка, бидејќи ЕУ ја поттикнува и верува во меѓусебната соработка на сите држави-членки, особено на соседните држави. Логиката е во тоа дека полесно ќе научите да соработувате со првите соседи, бидејќи имате заеднички проблеми, а потоа тоа искуство ќе ви помогне да соработувате и со другите европски држави.

Третата компонента служи за регионален развој, кој главно се поддржува од два извора: а) кредити од Европската инвестициона банка (ЕИБ) и од б) Европскиот кохезионен фонд (ЕКФ), кој е наменет исклучиво за државите-членки. Со оваа компонента државите-кандидатки ќе градат капацитети за искористување на средствата од Кохезиониот фонд, за да нема застој во моментот кога ќе станат членки на ЕУ.

Четвртата компонента служи за развој на човечките ресурси, а се финансира преку Европскиот социјален фонд (ЕСФ), кој е наменет само за државите-членки. Со оваа компонента државите-кандидатки ќе ги градат капацитетите за искористување на средствата од овој фонд во моментот кога ќе станат членки на ЕУ.

И, конечно, петтата компонента служи за рурален развој, кој се поддржува преку Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (ЕЗФРР). Со оваа компонента државите-кандидатки ќе прават две работи: а) ќе ги градат капацитетите за искористување на средствата од овој фонд кога ќе станат членки на ЕУ и б) ќе треба да го дадат својот придонес во реформирањето на Заедничката земјоделска политика на ЕУ.

Ваквата структура на ИПА е неопходна за ЕУ да може да ги третира државите со статус на држави-кандидатки, но и потенцијалните држави кандидатки. Имено, државите кои имаат статус на потенцијални држави-кандидатки (Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Србија, вклучувајќи го и Косово) имаат пристап само до првите две компоненти, додека државите-кандидатки (Македонија, Хрватска и Турција) имаат пристап до сите пет компоненти, бидејќи е извесно дека тие еден ден ќе бидат држави-членки.

## 20 Кој може да биде корисник на средствата од ИПА?

За полесно да согледаме кој сè може да ги користи средствата од ИПА, треба да видиме за што се наменети тие средства. Со помош на ИПА ќе се:

а. зајакнуваат демократските институции, владеењето на правото и спроведувањето на законите, што значи дека средствата се наменети за државните институции, судството, независните регулаторни тела и агенции, локалната самоуправа, Собранието, организациите на граѓанското општество и други;

б. промовираат и заштитуваат човековите права и основните слободи и ќе се зајакнува почитта кон малцинските права, вклучувајќи ја и промоцијата на половата еднаквост и недискриминацијата, а тоа значи дека ќе се поддржуваат Омбудсманот, Парламентот, невладините организации кои се занимаваат со човековите права, женските прашања и мониторингот и кои ги застапуваат интересите на малцинските и на маргинализираните групи;

**в.** реформира јавната администрација, вклучувајќи го и воспоставувањето на системот за децентрализирано управување со помошта, односно ќе се поддржуваат државните структури кои ќе управуваат со европските пари, но и Државниот завод за ревизија, локалните самоуправи и граѓанските организации кои спроведуваат мониторинг на начинот на кој се трошат буџетските средства на Република Македонија;

**г.** реформира економијата, што значи дека ќе се поддржуваат малите и средните претпријатија, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Народна банка, стопанските комори, струковите организации, еколошките организации итн;

**д.** развива граѓанското општество, што значи дека ќе се поддржуваат невладините организации, медиумите, универзитетите, тинк-тенк организациите, како и религиозните групи;

**ѓ.** работи на социјалното вклучување, што значи дека ќе се поддржуваат синдикатите, невладините организации кои ги третираат маргинализираните групи, особено Ромите, образовните институции и други;

**е.** спроведуваат мерки за помирување, градење на довербата и за реконструкција, што значи дека ќе се поддржуваат организациите што се занимаваат со интеретничките односи, образовните институции, младинските организации, ромските организации, локалните самоуправи и други;

**ж.** поддржува регионалната и прекуграничната соработка, што значи дека ќе се финансираат проектите на локалните самоуправи, организациите на граѓанското општество, јавните претпријатија, месните заедници, образовните институции, установите на јавното здравство и други, и тоа од обете страни на границата.

## 21 Како се програмираат средствата од ИПА?

Програмирањето на ИПА е стратегиски процес што бара целосно вклучување на државите и на Европската комисија. ИПА се дели на регионален дел (кој се нарекува Повеќекорисничка ИПА) и на национален дел (кој се однесува на одделни држави-кориснички). Потоа, Европската комисија ги дели парите по држави, според бројот на населението и по компоненти и години. Оваа финансиска рамка се вика Повеќегодишна индикативна финансиска рамка.

Откако ќе се дефинираат средствата во финансиската рамка, Европската комисија го изготвува т.н. Документ за повеќегодишно индикативно планирање за, во случајот, Република Македонија, кој опфаќа тригодишен период. Во овој документ се наведени проблемите во државата што ќе треба да се третираат, но не се навлегува во детално планирање на проектите. Документот се ажурира секоја година, така што засега има Документ за повеќегодишно индикативно планирање за Република Македонија 2007–2009 и 2008–2010, а 2009–2011 е во процес на изготвување.

Документот за повеќегодишно индикативно планирање за Република Македонија служи како основа за натамошното програмирање на деталните проекти што ќе се финансираат од ИПА. Но, пред да се направат предлог-проектите (кои инаку ги викаат проектни фишеа) се изготвуваат т.н. оперативни програми. Во втората, третата, четвртата и во петтата компонента оперативните програми го покриваат периодот 2007–2013, додека за првата компонента се изготвува оперативна програма за секоја година (засега се направени оперативните програми за 2007 и за 2008). Последни се прават самите предлог-проекти и тие се тендерираат.

За програмирањето на средствата од ИПА е важно да се спомене тоа дека истите заеднички ги програмираат Европската комисија и Владата на Република Македонија, преку Секретаријатот за европски прашања. Во согласност со регулативата за спроведување на ИПА, е предвиден и консултативен процес со засегнатите страни пред донесувањето на конечните документи. Засега, овој консултативен процес го спроведува само Европската комисија.

# ЕДИНСТВЕНИОТ ЕВРОПСКИ ПАЗАР И ПЕТТЕ СЛОБОДИ

## 22 Дали термините „единствен пазар" и „внатрешен пазар" означуваат иста работа?

Не, сепак постои мала разлика во овие термини. Единствениот пазар претставува понапредна форма на внатрешен пазар. Единствениот пазар предвидува повеќе напори насочени кон отстранување на физичките бариери (границите), техничките бариери (стандардите) и фискалните бариери (даноците) меѓу земјите- членки. За отстранување на овие бариери е потребна силна политичка волја и земјите треба да креираат заеднички економски политики.

## 23 Според горенаведеното, во целост Европската унија не претставува единствен пазар?

Точно. Поради непостоењето на унифицирано оданочување, фактот дека сите земји во ЕУ не го користат еврото како платежна единица и дека некои земји ја немаат потпишано Шенгенската конвенција, Европската унија во целост не претставува единствен пазар.

## 24 Зошто единствениот пазар се смета за најголемо постигнување на Европската унија?

Затоа што во рамките на единствениот пазар не постојат граници и е овозможено слободно движење на стоки, услуги, капитал, луѓе и работна сила и знаење.

## 25 Кои се придобивките од единствениот пазар за жителите на ЕУ?

Придобивки има навистина многу: слободно движење на туристите, слободно пензионирање и уживање на правата во друга земја, студирање и работење без ограничувања, слободно движење на стоки и услуги, намалени цени, поголем избор и подобар квалитет на стоките и на услугите, слободно движење на капиталот, финансиските услуги, купување акции од други земји, слободно движење на професори и научен кадар итн.

## 26 Зошто жителите на ЕУ треба да покажат пасош при влез од Хрватска во Словенија, а не при влез од Италија во Словенија?

Жителите на ЕУ ги покажуваат своите патни исправи само на надворешните граници на Унијата, а границата меѓу Хрватска и Словенија е надворешна граница на Унијата. Од друга страна, пак, границата меѓу Италија и Словенија е внатрешна граница на ЕУ и таму не е потребно покажување на какви било документи.

## 27 Дали слободното движење на стоки на единствениот пазар значи слободно движење буквално на сите производи?

Секако дека не. Целосно слободно движење на стоки е дозволено за стоките што се купени за лична потрошувачка, но не и за препродавање. Исто така, забрането е слободно движење на недозволени супстанци.

## 28 Дали на Шпанец му треба виза за да патува во Австрија?

Не. Слободата на движење на луѓето во рамките на Европската унија е една од основните слободи на движење. Тоа значи дека сите граѓани на државите-членки на ЕУ можат слободно да се движат во границите на ЕУ – не само без визи, туку и без притоа да подлежат на пасошка контрола. Имено, кој било граѓанин на држава-членка на ЕУ може да патува во друга држава-членка без никакви ограничувања.

## 29 Дали Германец може да работи или да студира во Романија?

Да. Повторно врз основа на принципот на слободно движење на луѓето, граѓаните на различни држави-членки на ЕУ можат слободно да студираат, да работат или да се пензионираат во некоја од државите на ЕУ.

## 30 Дали доколку купам пакет вино или цигари во Словенија треба да платам царина за истите при внес во Финска?

Не, бидејќи тука е применлив принципот на слободно движење на стоките. Како резултат на отстранувањето на царинските бариери меѓу државите-членки на ЕУ, стоките се движат без натамошни оптоварувања со давачки. Тоа значи дека доколку еден Словенец купи вино во Финска, истото може слободно да го пренесе во која било друга држава-членка на ЕУ без дополнителни царини или акцизи.

## 31 Дали компании од една држава-членка на ЕУ можат да ги продаваат своите услуги во друга држава-членка на ЕУ?

Да, бидејќи слободното движење на услугите им гарантира на компаниите слобода да основаат свои компании во други држави-членки на ЕУ и слобода да понудат услуги на територијата на друга држава-членка, различна од нивната матична држава.

## 32 Кои се придобивките од слободното движење на услугите?

Постојат голем број придобивки од слободното движење на услугите, меѓу кои најважни се намалувањето на цените на услугите и зголемувањето на нивниот квалитет.

## 33 Дали може Литванец да отвори банкарска сметка или да купи акции во Англија?

Да. Со либерализацијата на капиталните движења и плаќања, жителите на ЕУ можат да извршуваат поголем број активности надвор од својата земја, на пример: да отвораат банкарски сметки, да купуваат акции од компании кои не се од нивната земја или да купуваат имот. Овој принцип е една од петте слободи на ЕУ и го гарантира слободното движење на капиталот во ЕУ.

## 34 Која е т.н. петта слобода на движење?

Петтата слобода е слободното движење на знаењето. Со цел да стане вистински модерна и конкурентна економија, ЕУ мора да ги отстрани бариерите за слободното движење на знаењето.

Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cy-

# ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

## 35 Зошто во Европската унија е важна заштитата на потрошувачот?

Во денешно време секој граѓанин е и потрошувач, па затоа Европската унија води голема грижа за тоа да го заштити нивното здравје, сигурност и права. ЕУ промовира програми што се фокусираат на развојот на правата на пристап до информации за производите и образованието на потрошувачите, и презема конкретни чекори за да ги заштити правата на потрошувачите и да ги поттикне да формираат здруженија кои ќе се грижат за нивните права.

Заштитата на правата на потрошувачите е една од стратешките цели на Унијата за подобрување на квалитетот на животот на нејзините граѓани. Бидејќи единствениот пазар и единствената валута ги отстранија границите во трговијата, за Унијата е сè поважно сите 481 милион граѓани во 27-те држави-членки да имаат иста корист од високата заштита на потрошувачите, особено по порастот на користењето на интернетот и електронската трговија.

Заштитата на правата на потрошувачите, нивниот просперитет и благодет се основни вредности на ЕУ. Затоа, законодавството на ЕУ е дизајнирано на таков начин што ќе му овозможи на единствениот пазар да биде отворен и транспарентен, со што потрошувачите ќе имаат вистински избор при купувањето и ќе бидат третирани фер во која било држава-членка. Подолу ќе направиме обид да ви ги претставиме најзначајните права на потрошувачите во рамките на Европската унија.

## 36 Дали европските државјани можат да купуваат што сакаат, каде сакаат и колку сакаат?

Граѓаните на ЕУ можат да пазарат каде било во рамките на ЕУ и да си ги донесат производите дома без да плаќаат дополнителни царини, ДДВ или други давачки. Ова се однесува на производите кои се купени во други држави-членки или кои се нарачани оттаму преку интернет, по пошта или по телефон.

## 37 Што ако купениот производ не функционира?

„Купената роба не се враќа" не е израз на кој се навикнати граѓаните на ЕУ. Напротив, доколку производот што е купен не изгледа или не функционира во согласност со описите во рекламите или доколку не ги задоволува потребите за кои е наменет, потрошувачите имаат право да го заменат, без никаков надомест, или да си ги добијат парите назад, доколку не е можно

производот да се замени во разумно време. Минималниот период на гаранција е 2 години и важи за сите производи продадени во рамките на ЕУ.

## 38 Дали можам да се чувствувам безбеден при користењето на купените производи?

Мошне високите сигурносни стандарди (едни од највисоките во светот) се применуваат на сите производи, како на пример: играчки, апарати за домаќинството, автомобили, козметика, итн., кои се продаваат во ЕУ. Производителите и дистрибутерите се обврзани да нудат и да пласираат производи што ги задоволуваат овие сигурносни стандарди. Посебен механизам за известување функционира на ниво на ЕУ, преку кој се овозможува брзо ширење на информациите за евентуално откриени производи кои се потенцијално небезбедни за користење. Овој механизам, исто така, се грижи за отстранување на ваквите производи од пазарот.

## 39 Како да знам што јадам доколку не можам да го видам производот преку амбалажата?

Законодавството на ЕУ кое се однесува на етикетите и пакувањето на храната им овозможува на потрошувачите да се информираат за тоа што консумираат. Етикетите на храната задолжително даваат детални информации за состојките, вклучително и за оние што предизвикуваат алергии (на пример, кикирики, млеко, јајца). Доколку некој производ користи генетски модифицирани организми, ова мора задолжително да биде наведено на пакувањето. Исто така, користењето на зборот „органски" е стриктно регулирано, како и користењето на имиња кои асоцираат на одреден квалитет од некој регион на Европа (на пример, алпско млеко, или prosciutto di Parma).

## 40 Дали постојат услови коишто треба да ги исполнат договорите за продажба?

Законодавството на ЕУ ги третира како ништовни оние договори кои не се фер спрема потрошувачите, без оглед на тоа во која земја од ЕУ се потпишани. На пример, одредбите кои велат дека депозитот не се враќа, дури и ако продавачот не го достави производот, се сметаат за нефер и не се обврзувачки, односно и доколку е потпишан таков договор тој ќе се смета за неважечки и продавачот ќе мора да го врати применот депозит.

## 41 Дали може да се откаже склучениот договор?

Во одредени ситуации, ЕУ остава време во кое потрошувачите можат да се премислат за одреден договор. Така, на пример, доколку купите полиса за осигурување преку телефон или Интернет, вие можете во рок од 30 дена да се премислите и да го откажете договорот без никакви последици. Ова важи за сите производи купени преку телефон и интернет во рамките на ЕУ.

## 42 Како да одлучам која понуда е подобра?

Потрошувачите во ЕУ мора да бидат во можност лесно да ги споредуваат производите за да можат да одлучат која понуда им е најисплатлива. Затоа, продавачите се задолжени да ја прикажат вкупната цена на производите, вклучувајќи и ДДВ, како и цената за истите производи „по единица мерка", односно цената изразена за 1 килограм или за 1 литар. Слично, финансиските институции мора да ги даваат информациите за нивните услуги во стандардизирана форма, за да бидат лесно споредливи.

## 43 Дали можам ракијата од дуњи да ја продавам како лек за опаѓање на косата?

За да можат потрошувачите да носат информирани одлуки, ЕУ забранува рекламирање коешто ги доведува во заблуда или ги наведува потрошувачите. На пример, во реклама и во пропаганден материјал е забрането да се тврди дека одреден производ лекува одредена болест, доколку нема научно докажани студии што го потврдуваат тоа. Дополнително, кога се работи за продажба преку телефон, пошта, Интернет, продавачите мора да бидат отворени, транспарентни и фер спрема потрошувачите.

## 44 Што ако на етикетата пишува дека производот е комова ракија со содржина од 50% алкохол, а всушност производот е ракија од кајсии со содржина од 45% алкохол?

Сите производители во ЕУ се должни на нивните производи да ги наведат состојките. Сите изјави и искази направени за одреден производ мора да бидат вистинити, а доколку не се, тогаш одговорноста паѓа на продавачот. Ова, исто така, се однесува на описи или понуди кои се даваат во реклами, промотивни материјали или вербални или пишани изјави на продавачот. Затоа, во ЕУ не може да има промотивни материјали кои се „вадат" на печатни грешки. Овие правила важат и за промотивните кампањи.

## 45 Колку долго треба да трае гарантниот период за купените производи?

За да се заштитат потрошувачите, на ниво на Унијата се унифицирани минималните рокови под гаранција на производите. Како резултат на ова, сите потрошувачи, без оглед на тоа од која држава-членка ги имаат купено производите, имаат право на минимум 2-годишна гаранција на производите. Доколку дојде до каков било дефект или пропуст на производот во првите 6 месеци, тој мора да биде заменет на трошок на продавачот, односно се претпоставува дека секој дефект во овој период е знак за фабричка грешка. Од друга страна, во период до 2 години дефектот или пропустот ќе биде заменет само доколку потрошувачот покаже дека производот се користел на соодветен начин, односно дека дефектот не настанал по вина на потрошувачот.

## 46 Како ЕУ ги заштитува потрошувачите од нефер деловни практики?

Во принцип, правото на ЕУ ги штити потрошувачите од какви било деловни практики кои не се фер. Најчестите се дури и имплицитно забранети и се ставени на црната листа на ЕУ. Тука спаѓаат, на пример, притисокот од страна на продавачите да купите одреден производ; агресивното и ненајавено продавање производи на врата; рекламите и писмата кои ветуваат лажни награди; креирањето импресија за бесплатни понуди; лажната употреба на ограничени понуди, намерното рекламирање дека одредена понуда важи само ограничен временски период; користењето марки и печати за квалитет без нивно одобрување и сертификација; тврдењето дека нешто е понуда на потрошувачот, а всушност е право коешто му е законски гарантирано и сл.

## 47 Дали производителот секогаш одговара за лошиот производ?

Во ЕУ, доколку одреден производ е купен од продавач, а не од самиот производител, тогаш продавачот е одговорен за сите права што ви следуваат. Така, за лошите услови за сервис или замена продавачите во ЕУ не можат „да се вадат" на производителите, туку се должни поправките или замените да ги направат лично, во најбрз можен рок, односно најдоцна во рок од 30 дена.

## 48 Колку долго треба да ги чувам фискалните сметки за да можам да ги остварам своите права?

Во рамките на Европската унија потрошувачите не треба да покажат сметка за да ги остварат своите права. Во принцип, во многу држави-членки продавачите не се ни должни да издаваат сметки, така што би било нефер на потрошувачите да им се наметнува ваква обврска. Меѓутоа, не е неразумно продавниците да побараат каков било доказ дека производот е купен кај нив, на пример реализиран чек, извод од банка, сметка до кредитната картичка и слично.

## 49 Како ЕУ им помага на потрошувачите за да ги заштитат своите права?

Бидејќи правата на потрошувачите се приоритет на ЕУ, во сите држави-членки постојат организации кои посредуваат при евентуални спорови меѓу потрошувачите и продавачите од различни држави-членки. Постои т.н. Европска мрежа на центри на потрошувачите кои им помагаат на потрошувачите во остварувањето на нивните права. Овие центри се толку успешни, така што граѓаните на ЕУ ги решаваат своите проблеми за помалку од еден месец. Така, на пример, еден граѓанин на Лондон додека бил на одмор во Амстердам на распродажба купил фармерки. Но, откако се вратил дома утврдил дека патентот не работи. Тој ја исконтактирал продавницата, но бидејќи таа одбила да соработува, тој се јавил во Центарот на потрошувачите во Лондон, бидејќи сметал дека има право на полн надомест. Центарот се обратил до продавницата укажувајќи дека правата на потрошувачите се заштитени со правото на ЕУ и дека потрошувачите имаат право на замена или на поправка на производот. По ова, продавницата му испратила нови фармерки на лондончанецот.

# ЗАЕДНИЧКАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА

## 50 Колку македонското законодавство во областа на земјоделството е усогласено со она на Европската унија?

Со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, Република Македонија презема обврска да спроведува процес на усогласување на националното со европското законодавството. Во рамките на процесот, Владата на Република Македонија секоја година изготвува Национална програма за преземање на европското законодавство, со која ги утврдува краткорочните и среднорочните приоритети на истиот. Во програмата се наведуваат европските правни прописи од областа и националното законодавство, во кое истите треба да бидат пренесени, како и средствата потребни за спроведување на процесот и средствата за имплементација на пренесеното европско законодавство.

## 51 Како тече процесот на усогласување на законодавството и која институција е надлежна за водење на процесот? Кои сè институции се вклучени во процесот?

Процесот на усогласување на македонското законодавство со законодавството на Европската унија во областа на земјоделството го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кое ги утврдува краткорочните и долгорочните приоритети на процесот и ги изработува годишните планови во рамките на Националната програма за преземање на европското законодавство.

Секоја година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги одредува европските прописи кои ќе бидат приоритетни за нивно преземање во македонското законодавство. Во рамките на овој процес, Министерството прави анализа на потребните измени во македонското законодавство, како и анализа на потребата од креирање или зајакнување на одредени институции во насока на поддршка на изменетото законодавство. Освен Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во процесот се вклучени и сите други органи во состав на Министерството, управните организации, како и стручните и научните установи кои работат во областа на земјоделството.

## 52 Како нашиот земјоделец би можел да му биде конкурентен на европскиот?

Македонскиот земјоделец денес нема развиена конкурентна способност како онаа на

земјоделците од државите-членки на Европската унија. Оттаму, забрзаното зајакнување на конкурентната способност на нашите земјоделци е клучно за нивното успешно интегрирање на заедничкиот европски пазар, каде што се укинати сите царински и други трговски бариери. Македонскиот земјоделец успеа да ги издржи притисоците и проблемите на транзицијата. Дури н пристапувањето во Светската трговска организација и големиот број договори за слободна трговија не можеа да влијаат врз природните услови за успешно и одржливо земјоделско производство во речиси сите подрачја и во услови на растечка конкуренција.

Во Република Македонија сѐ повеќе земјоделски стопанства се специјализираат за производство на различни производи и имаат висока конкурентност. Сепак, дури и за таквите стопанства и за обезбедување на нивниот натамошен развој е потребно постојано приспособување на барањата на пазарот, а тоа значи многу знаење, иновации и вложувања. Секој земјоделец кој ќе сака да опстане на пазарот и да ја зајакне својата конкуренција ќе мора да ги има предвид овие услови и да работи на бизнис-план што ќе ги обедини следниве елементи:

- намалување на трошоците за производство;
- исклучителност на производот или на услугата, што значи соодветна цена, квалитет, постојаност и флексибилност на понудата;
- соработка со другите производители;
- интеграција во синџирот на производство и потрошувачка, и
- дополнителен приход преку повеќеслојно земјоделство.

## 53 Дали по влегувањето во Европската унија земјоделските стопанства ќе мора да имаат одредена големина?

Просечното земјоделско стопанство во државите-членки на ЕУ се движи од 3,5 ha на Кипар до 67 ha. Овој податок потврдува дека за одрживоста на земјоделските стопанства во ЕУ не е пресудна ниту пак е пропишана големината, туку конкурентноста на производството, соодветната понуда, како и организираниот и правилен настап на пазарот.

Со оглед на тоа дека просечната големина на земјоделските стопанства во Република Македонија е помеѓу 2,5 ha и 2,8 ha, со внатрешна парцелизација од 0,3 ha до 0,5 ha, окрупнувањето на поседите е еден од главните делови на реформата на земјоделската политика. Во насока на поддршка на структурните реформи се преземаат мерки за воспоставување модерен катастар и регистар на земјоделските стопанства, како и други мерки за консолидирање на земјоделското земјиште. Искуствата од државите-членки на Европската унија покажуваат дека земјоделската реформа и окрупнувањето на земјоделските стопанства не е ниту едноставен, ниту пак брз процес и дека кај некои од државите-членки биле потребни децении за целосно заокружување на процесот.

Секако, како дел од процесот треба да се смета и промената на структурата на производството, преку која може да се обезбеди поголема профитабилност по единица површина и, посредно, опстанок на земјоделското стопанство.

## 54 Како пристапувањето во Европската унија ќе влијае врз приходите на земјоделците?

На промената на приходите на земјоделците ќе влијаат Заедничката царинска политика во ЕУ, промената на структурата на земјоделското производство и износот на финансиската поддршка, како и сведувањето на државните интервенции во земјоделството на онаа мерка којашто ја овозможува или ја дозволува законодавството на Унијата во делот на земјоделството. Секој од тие фактори може да има позитивно или негативно влијание на одредени сектори, така што е повеќе од јасно дека во одредени сектори пристапувањето во Унијата на сите земјоделци нема да им овозможи иста промена на приходите.

Македонските земјоделци ќе можат и натаму да сметаат на поддршката од страна на државата, во насока на подобрување на нивната конкурентност, но со користење на средствата од пристапните фондови на ЕУ помошта ќе биде поголема. Особено ќе расте поддршката на инвестициските вложувања во модернизацијата на земјоделските стопанства. Патем, зголемувањето на фондовите за поддршка на руралниот развој ќе придонесе за диверзификација на земјоделските стопанства, за изградба на неопходната инфраструктура, како и за подобрување на конкурентноста на целиот сектор.

На пазар од 480 милиони жители конкуренцијата е несомнено голема, но интеграцијата ќе доведе и до зголемување на приходите, преку постапен развој на одрживото производство во рамките на Заедничката земјоделска политика. Искуството од промените на приходот во 10-те држави-членки кои во 2004 година пристапија во Европската унија упатуваат на заклучокот дека по пристапувањето кон Унијата македонските земјоделци ќе можат да очекуваат зголемување на приходите.

## 55 Кој одлучува за тоа што е исплатливо, а што е неисплатливо да се произведува во Европската унија?

Одлуката за тоа што е исплатливо, а што е неисплатливо да се произведува во Европската унија не ја носат европските институции, ниту пак државите-членки. Иако во минатото имало таква практика, денес е повеќе од сигурно дека одлуката што е исплатливо, а што не е исплатливо пред сѐ ја диктира пазарот, односно потрошувачите. Поради специфичностите на земјоделското производство и натаму ќе се очекува учество на државата, во смисла на поддршка или креирање рамка во која ќе се отвори простор за создавање одржливо земјоделство, што ќе биде соодветно на барањата на пазарот и ќе се грижи за животната средина.

Оттука, особено е важно да се разбере дека одлуката за изборот на производот што ќе се произведува е пред сѐ одлука на земјоделецот. Тој ќе мора да го планира производството во зависност од состојбата на пазарот и побарувачката на одреден производ, односно според својата можност да понуди на пазарот производ со соодветен квалитет и цена. Сите истражувања покажуваат дека малите држави, како што е Република Македонија, можат најдобро да се вклопат на европскиот пазар со ексклузивноста на производството на прехранбени производи

со врвен квалитет и еколошки производи од препознатливи производители.

## 56 Како се регулира долната и горната граница на цените на земјоделските производи во Европската унија?

Горната граница на цените на производите ја одредува пазарот, односно купувачите. Тоа значи дека производителот може да ја диктира продажната цена само до онаа граница којашто може да ја толерира купувачот. Од друга страна, долната граница ја утврдуваат трошоците на производството. Во одредени случаи, односно кај одредени производи, долната граница се штити со интервентни цени.

Пазарната цена, по правило, е повисока од интервентната цена, бидејќи системот на интервенција во Европската унија не е дизајниран така што ќе го стимулира производството на производи за кои во нормални услови нема место на пазарот. Со други зборови, ова би значело дека земјоделците не треба да се потпираат на интервентниот откуп, туку во текот на планирањето треба да ги следат движењата на пазарот и да го приспособат производството на побарувачката, доколку сакаат нивната работа да биде исплатлива.

За одредени производи (говедско месо, шеќер, млеко и млечни производи) земјоделците во Европската унија ќе можат да сметаат на царинска заштита кон трети држави, што влијае на тоа долната граница на пазарот во Унијата да биде значително повисока од светските цени. До целосно укинување на царинската заштита во ЕУ веројатно нема да дојде во наредните 10 години, па оттаму ако Република Македонија пристапи во Унијата во овој период, земјоделците ќе имаат можност да ја искористат поволноста на оваа заштита.

## 57 Како функционира системот на директни плаќања во Европската унија?

Заедничката земјоделска политика на Европската унија применува систем на директни плаќања (прв столб) и систем за поддршка на руралниот развој (втор столб).

Регулативите со коишто се пропишува системот за поддршка на заедничката земјоделска политика воведуваат единствено плаќање по земјоделско стопанство и одделување на поддршката од производството. Единственото плаќање по стопанство ќе можат да го остварат земјоделците, без оглед на гранката во којашто ќе бидат активни, па дури и ако одлучат да бидат неактивни. Меѓутоа, остварувањето на единственото плаќање по стопанството е поврзано со почитувањето на прописите кои се однесуваат на благосостојбата на животните, безбедноста на храната, заштитата на животната средина и здравјето на луѓето.

Износот на единственото плаќање кое ќе може да го оствари еден земјоделец ќе се одреди на следниов начин: тригодишниот просек (на пр. 2007-2009) на сите средства коишто ги добивал како поддршка ќе се подели на тригодишниот просек на сите хектари земјиште за кое добил поддршка во наведениот период.

## 58 Што е ИПА-РД? Како функционира ИПА-РД агенцијата?

Увидувајќи дека постои несразмерност во развојот на државите по процесот на стабилизација и асоцијација и дека тие не се хармонизирани со заедничката земјоделска политика, Европската комисија го дизајнираше Инструментот за претпристапна помош (ИПА), односно дизајнираше и компонента преку која ќе се поддржат руралниот развој и земјоделството.

Компонентата за рурален развој (петтата компонента) се однесува, односно можат да ја користат само државите-кандидати, како што се Република Македонија, Хрватска и Турција. Користењето на средствата од петтата компонента сепак не зависи само од статусот на државата во процесот, туку и од постоењето на административни и други капацитети во државата. Административните капацитети подразбираат независна агенција која ќе ги менаџира добиените средства според правилата и процедурите кои ќе соодветствуваат на оние во Европската унија. Правилата и процедурите за менаџирање со средствата од петтата компонента се одобрени, а агенцијата е акредитирана од Европската комисија за вршење на работите.

Во Република Македонија агенцијата се нарекува Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и на руралниот развој, но бидејќи ги менаџира средствата од петтата компонента, ИПА-РД е популарна под називот ИПА-РД агенција. Агенцијата е основана од страна на Владата на Република Македонија, меѓутоа претставува независно тело бидејќи не е дел од организацијата на Владата, односно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. ИПА-РД агенцијата ги има усвоено основните програмски и други плански документи, а ги има развиено и постапките за управување и за доделување на средствата и е во очекување на акредитација од страна на Европската комисија.

## 59 Кои области се приоритетни за финансирање преку ИПА-РД?

Приоритетите утврдени за распределба на средствата и за финансирање преку петтата компонента на ИПА, ИПА-РД, соодветствуваат на двата столба на заедничката земјоделска политика на Европската унија. Имено, утврдените приоритети се однесуваат на:

1. одржливо адаптирање на земјоделскиот сектор и имплементација на законодавството на Унијата:
    - инвестиции во фарми, со цел да се преструктурираат и да се подобрат;
    - инвестиции за обработка и маркетинг на земјоделските производи;
    - поддршка на основањето групи на производители, и
    - дизајнирање на земјоделски производствени методи заради заштита на животната средина и одржување на природните пејзажи;
2. развој на руралните области:
    - подобрување и развој на руралната инфраструктура;
    - развој и диверзификација на руралните економски активности;

- подготовка на руралните заедници за отпочнување и имплементација на стратегиите за рурален развој, и
- подобрување на обуката за земјоделците.

## 60 Како се дефинира производството на здрава храна во Европската унија, односно кои услови треба да ги исполнат производителите на таквата храна?

Секој прехранбен производ произведен во согласност со одредбите на Законот за безбедноста на храната и Правилникот за означување на храната претставува здрава храна. Законот за безбедноста на храната е во голема мерка усогласен со Регулативата на Европскиот парламент и Советот за здравствена исправност на храната.

Проблемот со т.н. безбедност на храната, што подразбира здравствена исправност на храната, е нешто за што во последно време се расправа на највисоко ниво во Европската унија и во Светската здравствена организација, но и во другите меѓународни организации кои имаат врска со храната. За жал, голем дел од нашите земјоделци, како и лицата од прехранбената индустрија, немаат доволно познавања за Законот и за Правилникот. Правилата на Европската унија за ова прашање се многу строги и сосема јасни.

## 61 Дали во Европската унија може да биде заклано/убиено животно без претходно да биде успано?

Законодавството на Европската унија кое се однесува на колење и убивање на животните има за цел да ги намали, до најмала можна мерка, болката, патењето и вознемиреноста на животното за време на колењето, преку примена на научно утврдени и практично потврдени методи.

Со директива на Европската унија се пропишани условите што се однесуваат на колењето на животните во кланици, но и надвор од кланиците, како и убивањето на животните, тогаш кога е тоа одобрено, надвор од кланиците, како мерка за контрола на заразни болести, во кожарската индустрија и слично.

При која било одобрена постапка на колење или убивање на животните мора да се постапува на начин што ќе ги поштеди животните од дополнително вознемирување, страв, болка и патење. Персоналот во кланиците мора да има и посебни професионални знаења и вештини, со цел колењето на животните да се врши на пропишаниот начин.

Колењето и убивањето на животните надвор од кланицата е утврдено и регулирано на мошне ограничен начин и во ограничен број случаи, како на пример при сузбивањето на заразни болести или во кожарската или прехранбената индустрија.

## 62 Што се прави со отпадното месо во Европската унија?

Месото коешто не може да се користи за исхрана на луѓето, со оглед на својата ризичност и потекло, се уништува на еден од пропишаните начини: со термичка обработка или со одобрение од страна на надлежен орган – преку инцинерација.

## 63 Како се следи квалитетот на месото во Европската унија? Што значи системот за регистрирање и следење на животните во Европската унија?

За добитокот во Европската унија – говеда, овци, кози, свињи, коњи, како и за домашните миленици, се развиени различни системи за идентификација и за регистрација. Системите овозможуваат следење на движењето на добитокот, ветеринарна контрола, спречување на ширењето на заразни болести, како и безбедност на храната и заштита на потрошувачот.

За различни видови добиток се воспоставуваат посебни системи коишто можат да вклучуваат:

- одбележување на животните (ушни маркички и/или индивидуални броеви на секое грло, вградување чипови за домашните миленици);
- регистар на сите земјоделски стопанства, односно одгледувачи на добиток;
- пасоши за секое поединечно грло;
- пропишана документација за увоз, извоз и превоз на добитокот, и
- компјутеризирана база на податоци на национално ниво.

## 64 Како пристапувањето кон Европската унија ќе влијае на сточарството?

Сточарството е особено значајна земјоделска гранка во Европската унија, каде што истото се одвива во услови на отворен пазар. Пазарот во оваа гранка е уреден со прописи со кои се обезбедува стабилна положба на сточарското производство во услови на отворен светски пазар. Регулирањето на пазарот и на пазарните услови значи утврдување на условите во кои е дозволена интервенција на пазарот во случај на нарушувања поради вишокот производи. Исто така, особено внимание се посветува на контролата на увозот и на поттикнувањето на извозот, а освен тоа, со низа мерки на директна и индиректна поддршка на сточарството, се обезбедува неговата конкурентност.

Овие предности по пристапувањето во членство во Европската унија ќе ги ужива и македонското сточарство, а покрај тоа ќе може да се ужива и поволноста на единствениот европски пазар. Овде, секако, мора да се има предвид фактот дека претходно ќе мора да се постигне некаква конкурентност во однос на сточарите од ЕУ. Постигнувањето на конкурентноста е долгорочна мерка за којашто македонските сточари треба да се подготвуваат уште од денес. Оттаму, треба да се поттикнува воспоставувањето производни единици кои, со оглед на големината на фармата, применетите технологии за производство, генетските карактеристики на животните што се одгледуваат, како и достигнатото ниво по единица, ќе обезбедат исти производни резултати како и слична фарма во другите држави.

## 65 Кои се условите за засадување нови насади винова лоза во државите-членки на Европската унија и каква документација е потребна за тоа?

Во согласност со Регулативата на Европската комисија, засадувањето нови насади во државите-членки на Европската унија е забрането до 31 јуни 2010 година. Предвидени се исклучоци од тоа правило, кои се точно утврдени, но за истите Европската комисија не ги пропишува потребните документи за добивање дозвола.

## 66 Дали по пристапувањето во Европската унија македонските винари и винопроизводители ќе можат да печат ракија?

Законодавството на Европската унија не го регулира производството на алкохолни пијалаци за лична употреба, но законодавството за заштита на потрошувачите е особено строго, така што содржи голем број одредби што мора да се почитуваат за одредени производи кои се пласираат на пазарот, вклучувајќи ги и алкохолните пијалаци.

Како заклучок, и натаму ќе биде можно производството на алкохолни пијалаци за домашна употреба, но нивниот пласман ќе подразбира исполнување на соодветни правила за квалитет и декларирање на истиот.

## 67 Како Европската унија го третира пчеларството?

Во Европа, па дури и глобално во светот, производството и продажбата на медот и на пчелините производи бележи тренд на пораст, но сепак сѐ уште се смета за дефицитарно. Државите-членки на Европската унија со своето производство не ги задоволуваат сопствените потреби, така што ЕУ се јавува како најголем увозник на мед и на пчелини производи.

Со цел да се зголеми производството на мед и пчелини производи, Европската унија го поттикнува производството преку кофинансирање со националните програми за развој на пчеларството во државите-членки до износот од 50% од инвестицијата. Националните програми за развој на пчеларството мора детално да ги одредуваат мерките кои ќе бидат финансирани, како и мерките за контрола на спроведувањето на програмата.

# ЗАЕДНИЧКА ПОЛИТИКА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 68 Колку македонското законодавство во областа на животната средина е усогласено со законодавството на Европската унија?

Европската комисија презема активности за следење на процесот на преземање на европското законодавство за животната средина во националното законодавство на Република Македонија. Процесот претставува дел од обврските на Република Македонија коишто произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Следејќи го напредокот во процесот, Комисијата утврдила дека македонското законодавство за животната средина во повеќе од 60 % е усогласено со европското, при што утврдениот краен рок за постигнување целосна усогласеност е 2015 година, а за одредени европски прописи 2020 година. Кога станува збор за имплементацијата на новото или усогласено законодавство, Република Македонија навистина треба да направи уште многу, а успехот ќе зависи од правилното користење на финансиската помош од Унијата, како и на другите инструменти достапни во процесот, но и од успешноста во процесот на преговорите за пристапување во членство.

## 69 Како тече процесот на усогласување на законодавството и која институција е надлежна за водење на процесот? Кои сѐ институции се вклучени во процесот?

Процесот на усогласување на македонското законодавство со законодавството на Европската унија во областа на животната средина го води Министерството за животна средина и просторно планирање, кое ги утврдува краткорочните и долгорочните приоритети на процесот и ги изработува годишните планови во рамките на Националната програма за преземање на европското законодавство.

Секоја година, Министерството за животна средина и просторно планирање ги одредува европските прописи што ќе бидат приоритетни за нивно преземање во македонското законодавство. Во рамките на овој процес, Министерството прави анализа на потребните измени во македонското законодавство, како и анализа на потребата од креирање или зајакнување на одредени институции во насока на поддршка на изменетото законодавство. Покрај Министерството за животна средина и просторно планирање, во процесот се вклучени и сите други органи во состав на Министерството, дру-

гите управни организации, како и стручните и научните установи што работат во областа на животната средина.

## 70 Дали постои систем за контрола на влијанието врз животната средина од преземањето на одредени одобрени или плански активности во природата?

Оценката на влијанието врз животната средина е составен дел на процесот на преземање на одредени одобрени или плански активности во природата. Во согласност со европското законодавство, Законот за животната средина и Законот за заштита на природата, при преземањето на одредени одобрени активности во рамките на определени проекти се оценува влијанието врз животната средина и врз природата. Извештајот од спроведената оценка е услов без кој не може да се преземе активноста, односно само позитивен извештај може да обезбеди добивање одобрение и преземање на одредена активност. Состојбата е сосема иста и кога станува збор за стратешки или плански документи и за нивното влијание врз животната средина, односно врз природата. Единствената разлика во случајот е фактот дека во оценката на влијанието на стратешките или планските документи, оценката на состојбата е составен дел од самиот документ и истата предлага соодветни активности за ублажување на влијанието врз природата.

Во Законот за животната средина, Република Македонија ги има пренесено двата клучни правни акта на Европската унија во оваа област и има постигнато целосна усогласеност со истиот, а се прават сериозни напори за целосно спроведување на одредбите од законот.

## 71 Како можам јас како граѓанин да влијаам врз подобрувањето на заштитата на животната средина?

Секој граѓанин има право активно да учествува во донесувањето на одлуките кои влијаат врз животната средина и, особено, врз донесувањето на законодавството за животната средина. Ваквото право е регулирано со Архуската конвенција, како и со Директивата на ЕУ за пристап до информациите за животната средина.

Оваа директива, како и меѓународната конвенција, се пренесени во Законот за животната средина. Во согласност со Законот за животната средина, како и другото законодавство кое ги регулира соодветните сектори во областа, учеството на јавноста е составен дел од секоја постапка за донесување на законите и другите правни акти. Министерството за животна средина и просторно планирање е обврзано во процесот на донесување на законите и другите акти да организира јавна расправа на којашто граѓаните ќе можат да се запознаат со предлогот и да дадат свои предлози за негово подобрување.

# 72 Како законодавството на ЕУ за животната средина придонесува за подобрување на квалитетот на воздухот?

Европската унија посветува посебно влијание на квалитетот на воздухот и на заштитата на здравјето на луѓето, преку подобрување на квалитетот на воздухот. Постојат цела низа правни акти на Европската унија со кои таа се обидува преку пропишување на различни стандарди за испуштање штетни материи во воздухот или емисија на разни гасови во воздухот да постигне подобар квалитет на амбиенталниот воздух.

Европското законодавство предвидува систем за утврдување на зони и агломерации, долни и горни граници на испуштањата и емисиите во воздухот, како и каталог на загадувачите, во кој ќе се впишат типовите загадувачи и супстанциите со кои го загадуваат воздухот. Со ова законодавство се пропишуваат и правилата за тргување со емисиите со кои се обезбедува намалување на емисиите, спроведување на принципот загадувачот плаќа и подобрување на квалитетот на воздухот.

# 73 Дали по пристапувањето во Европската унија ќе користиме подобри европски горива?

Квалитетот на воздухот е особено значаен за Европската унија, а загадувањето од мобилните извори, како што се автомобилите, во едно индустријализирано општество чијшто развој се темели токму на транспортот и на поврзаноста, е енормно. Оттаму потребата Унијата да го регулира користењето на горивата. Притоа, Унијата го утврдува квалитетот на горивата во однос на нивниот состав на олово, односно сулфур, со цел посредно да влијае врз квалитетот на амбиенталниот воздух.

Според тоа, постигнувајќи целосна усогласеност со законодавството на ЕУ граѓаните на Република Македонија ќе користат подобри европски горива при управувањето со своите возила.

# 74 Какви се правилата за складирање на отпадот од земјоделството?

Правилното управување со отпадот започнува со спречување тој воопшто да настане. Онаму каде што нема можности да се спречи настанувањето на отпад, правилата велат дека треба да се обидеме истиот да биде редуциран. Откако настанал, отпадот треба да биде правилно третиран, па дури потоа да биде отстранет.

Кога се третира органски отпад, истиот може да се компостира или да се искористи за добивање нов производ. Како конечен третман на отпадот може да се прифати неговото горење или инцинерација, односно одложување кое ќе изврши најмало влијание врз животната средина.

## 75 Дали по пристапувањето во Европската унија ќе биде дозволено да се фрла сол и песок на патиштата во текот на зимата?

Според најновите правила на Европската унија, фрлањето сол и песок на патиштата во текот на зимата, за да се спречи нивното замрзнување или задржувањето на снегот, и натаму е дозволено. Дозволата, сепак, не значи дека може да се фрла каква било сол, односно каков било песок.

Европската унија бара песокот што ќе се фрла на улиците да исполнува определени стандарди во однос на големината на честичките што ги содржи, со цел да не влијае врз квалитетот на амбиенталниот воздух.

## 76 Дали европското законодавство за квалитетот на водата забранува копање бунари за снабдување со вода?

Водата е природен ресурс и основа на животот. Поседувањето чиста вода за пиење е особено значајно, а се претпоставува дека значењето ќе се зголемува со намалувањето на изворите на чиста вода за пиење.

Европската унија нема проблем со копањето бунари за снабдување со вода, особено со користењето на водата за индивидуално снабдување. Сепак, Унијата предвидува спроведување на принципот корисникот плаќа. Според овој принцип, користењето на водата од бунарите за сопствена употреба не подразбира плаќање надомест, но користењето на водата за потребите на одредено производство ќе подлежи на плаќање на соодветен надоместок. За илустрација, едно македонско семејство со вода за пиење се снабдува од бунар ископан во нивниот двор. Таквото семејство не подлежи на плаќање надомест за користената вода. Скопската пиварница за производството на пиво користи вода од бунари ископани во кругот на пиварницата. Ваквото користење, во согласност со принципот корисникот плаќа, подлежи на плаќање надомест.

## 77 Дали по пристапувањето во Европската унија и Република Македонија ќе мора да ги заштитува популациите на волци?

Волкот е заштитен див вид во Европската унија и се наоѓа на листите од анексите на Директивата за дивите видови и нивните живеалишта. Оттука произлегува дека од оној момент кога Република Македонија ќе пристапи во членство во Унијата волкот ќе треба да биде заштитен вид. Сепак, во процесот на преговарање за пристапување во Унијата, Република Македонија ќе може да побара ослободување од обврската за заштита на популациите волци, односно намалување на категоријата во којашто волкот ќе биде заштитен вид во нашата држава и ќе може да се обезбеди контрола на неговата популација.

## 78 Што пропишува Европската унија за заштитените подрачја?

Сакајќи да ја заштити својата природа, Европската унија ја регулира заштитата на природните живеалишта и воспоставувањето коридори за поврзување на истите. Со ваквиот систем на коридори и живеалишта, Унијата обезбедува меѓу другото и проодност на биолошката разновидност и размена на генетскиот материјал.

Пропишувајќи го системот на еколошки значајни подрачја, Унијата предвидува низа мерки и активности коишто треба да се применуваат заради постигнување заштита на живеалиштата и на дивите видови коишто живеат во истите. Покрај ваквиот систем, Унијата го прифаќа и системот што го разработува Меѓународната унија за заштита на природата, а кој предвидува малку посеопфатна заштита и заштита на големи еколошки процеси во големи заштитени подрачја.

## 79 Зошто во Република Македонија нема повеќе прогласени заштитени подрачја во категоријата Национален парк?

Традицијата на заштита на подрачјата во категоријата национален парк во Република Македонија датира од 1948 година, кога бил прогласен првиот национален парк во поранешна СФРЈ – Пелистер. Досега на територијата на нашата држава се прогласени 3 национални парка – Пелистер, Маврово и Галичица. Постојат и голем број други заштитени подрачја кои во различни категории заштитуваат соодветни видови, живеалишта или еколошки процеси што се од значење за Македонија, Европа и за светот.

Според пресметките на Министерството за животна средина и просторно планирање, во моментов приближно 7% од територијата на државата се заштитени како заштитено подрачје. Стратегијата за биолошката разновидност предвидува дека процентот на територија заштитен како заштитено подрачје ќе се зголеми до најмногу 14%. Во рамките на идните 7% влегуваат и три нови национални паркови, како што се Националниот парк „Шар Планина"; Националниот парк „Јабланица" и Националниот парк „Беласица".

## 80 Дали заштитата на природните езера (Охридско, Преспанско и Дојранско) како споменици на културата дозволува концесирање на водите и на дивата фауна од нив?

Прогласувањето на одредено подрачје за заштитено подрачје, односно за споменик на природата, претпоставува преземање на одредени мерки и активности за негова заштита и управување. Подрачјето е прогласено за заштитено подрачје поради неговите природни карактеристики или поради посебното влијание што го има врз биолошката разновидност. Богатството на видови значи можност за нивно искористување, но искористувањето мора да биде во насока на одржување на бројноста на популацијата во природното живеалиште.

Оттука произлегува дека интенција на законодавецот е да се утврди субјект кој ќе се грижи за управувањето со заштитеното подрачје и ќе ги презема пропишаните мерки и активности за заштита, а не негово концесирање на трето лице, како природен ресурс.

## 81 Кој треба да управува со плажите на Охридско Езеро?

Позитивното законодавство во Република Македонија пропишува дека плажите на Охридско Езеро можат да се доделуваат под концесија за нивно управување и одржување. Сепак, плажите на потегот од хотел „Гранит" до границата со Република Албанија кај манастирот Св. Наум се составен дел на Националниот парк „Галичица" и во овој случај правилата за управување со плажите ги пропишува Законот за заштита на природата.

Според овој закон, управувањето со територијата на паркот го врши Јавната установа Национален парк, која во согласност со Законот управува интегрално со целата територија на заштитеното подрачје. На оваа територија не е дозволено концесирање на плажите на трети лица.

## 82 Дали можам да чувам див вид во заробеништво и кој ги пропишува условите за тоа?

Чувањето диви видови во заробеништво е пропишано со Законот за заштита на природата, како и со неговите подзаконски акти, кој ги регулира условите кои треба да ги исполнува лицето кое чува одреден див вид, како и условите што треба да ги исполнува живеалиштето. Во Европската унија пропишувањето на условите за чување диви видови во заробеништво се врши со Директивата за зоолошките градини, која се повикува на стандардите утврдени со правилниците на Европската асоцијација на зоолошките градини и аквариуми (ЕАЗА).

Во согласност со овие правила, во Република Македонија е дозволено чувањето диви видови во заробеништво само доколку се исполнети пропишаните услови и доколку на дивиот вид му се обезбедат приближно природни услови во неговото живеалиште.

## 83 Дали приспособувањето и примената на еколошкото законодавство на Европската унија подразбира и финансиска помош и кои се инструментите на таа помош?

Приспособувањето и примената на еколошкото законодавство на Европската унија претставува најскапата активност којашто треба да ја преземат државите-членки, како и државите-кандидати и потенцијални кандидати. Оттаму, Европската унија предвидува соодветна финансиска помош за преземање на овие активности.

За државите-членки, Европската унија го има развиено Европскиот фонд за регионален развој, како и Европскиот кохезионен фонд, преку кои се поддржуваат напорите за приспособување и примена на еколошкото законодавство. За државите-кандидати и за потенцијалните кандидати, Унијата дизајнирајќи го инструментот за пре-

тпристапна помош (ИПА) дизајнирала и компонента којашто го поддржува регионалниот развој и заштитата на животната средина. Конечно, покрај овие два големи финансиски инструмента, Унијата ја има развиено и програмата на заедницата наречена LIFE+, која конкретно ги поддржува активностите за примена на еколошкото законодавство и другите стратегиски документи во делот на заштитата на природата и биолошката разновидност и информирањето и комуникацијата.

Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark
Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland
Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands
Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden
United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech
Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece
Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta
The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia
Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria
Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France
Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania
Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal
Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom
Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark
Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland
Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands
Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden
United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech
Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece
Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta
The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia
Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria
Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France
Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania
Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania
Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria
Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia
Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia
Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal
Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom
Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark
Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland
Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands
Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden
United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech
Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece
Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta
The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia
Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria
Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France
Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania
Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania
Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria
Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia
Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia
Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal
Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom
Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark
Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland
Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands
Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden
United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech
Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece
Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta
The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia

# ВРАБОТУВАЊЕ, МОБИЛНОСТ, ОБРАЗОВАНИЕ, МЛАДИ И КУЛТУРА

## 84 Што значи „пазарот на работна сила на ЕУ"?

Принципот на слободно движење на луѓето е една од основните слободи загарантирани во ЕУ. Како дел од оваа лична мобилност, работната мобилност го вклучува правото на секој државјанин на ЕУ да работи и, заедно со членовите на своето семејство, да живее каде било на територијата на Европската унија. Тоа практично значи дека секој Германец може да работи не само во Германија, туку и во Франција, Австрија, Шпанија итн. (во која било од членките на Унијата).

## 85 Дали сите граѓани во ЕУ лесно наоѓаат работа во друга држава-членка? Има ли некаква поддршка за оваа работна мобилност?

Досегашните искуства од мобилноста на работната сила покажуваат дека бројот на граѓаните кои ги користат можностите што ги нуди широкиот европски пазар е сè уште мал, иако придобивките се големи. За да се отстранат пречките за поголема мобилност на работната сила и со тоа да се придонесе за создавање на вистински европски пазар на работна сила, Унијата применува најразлични политики и развива соодветни инструменти. Еден од нив е и EURES network, мрежа на националните агенции и служби за вработување, којашто овозможува пристап на европските граѓани до информациите за слободните работни места ширум ЕУ. На тој начин не само што се мотивира мобилноста на работниците, туку се остварува и подобро усогласување на понудата и побарувачката на работната сила на европскиот пазар.

## 86 Дали и кога граѓаните на Македонија ќе можат да работат во која било членка на Унијата?

Граѓаните на Република Македонија ќе можат да конкурираат за работа и да работат во која било членка на Унијата под истите услови како и секој друг државјанин на ЕУ по зачленувањето на Македонија во ЕУ. Секој Македонец ќе има пристап и до информациите од EURES мрежата.

Она што е сè уште непознато е дали за Македонија ќе се предвиди т.н. преоден период, во текот на кој пазарот на трудот ќе остане затворен за македонските граѓани. Решавањето на ова прашање ќе зависи од перцепциите на ЕУ за влијанието врз националните пазари на работна сила, но и од преговарачките способности на нашата држава.

## 87 Дали европските граѓани добиваат некаква помош и поддршка за да патуваат и да учат во други држави-членки?

Да, развиени се повеќе различни шеми за потикнување на мобилноста на различни целни групи: ученици и студенти, професори и обучувачи, практиканти и волонтери, научници и истражувачи. ЕУ навистина смета дека образованието и мобилноста на нејзините граѓани се нејзин врвен приоритет.

## 88 Кои се тие програми за поддршка?

Програмата за доживотно учење има 4 потпрограми: Comenius, Erasmus, Leonardo da Vinchi и Grundtvig, наменети за различни нивоа на образование. За 7-годишниот период 2007–2013 оваа програма има буџет од речиси 7 милијарди евра и опфаќа повеќе од 6,5 милиони европски граѓани.

## 89 Како членството на Република Македонија (РМ) во Европската унија (ЕУ) ќе влијае врз трошоците за школување?

Подрачјето на образованието, во најголема мера, не е регулирано од страна на ЕУ, туку од државите-членки. Така, процесот на европските интеграции не треба да влијае врз трошоците за образование. Но, тенденција е да се оди кон усвојување на рамковни стандарди на ниво на ЕУ, особено во секторот на стручното образование и високото школство. Усвојувањето на тие рамковни стандарди (за стручно и високо образование) индиректно може да ги зголеми трошоците за школување, во смисла на осовременување и опремување на стручните училишта и програми.

## 90 Дали откако Република Македонија ќе стане држава-членка на ЕУ школувањето на децата ќе биде поскапо?

Според стратешките документи на ЕУ, препорака е да се зголемат вложувањата во образованието и науката во ЕУ. Тоа не значи поскапо образование за крајните корисници, туку поквалитетно образование, што ќе им биде достапно на сите граѓани.

## 91 Како Република Македонија го приспособува својот високошколски систем според системот на ЕУ?

Реформата на високошколскиот систем на ЕУ се одвива во рамките на Болоњскиот процес, со кој се предвидува прифаќање на лесно препознатливи и споредливи академски и стручни степени; создавање на единствен систем на студирање – додипломски и последипломски; воведување на бодовен систем (ECTS), со кој може да се акумулираат бодови во текот на доживотното

учење; поттикнување на мобилноста на студентите и на наставниците; поттикнување на европската соработка во осигурувањето на квалитетот на образованието. РМ пристапи кон Болоњскиот процес, со што се обврза да ги спроведе горенаведените цели. Станува збор за радикална реформа којашто има за цел да ги интегрира системите на образование на РМ во европскиот простор на високо образование.

## 92 Како ќе биде организирано високото образование во иднина?

Високото образование игра основна улога во општеството. Во Европа има околу 4.000 високообразовни институции со околу 17 милиони студенти и 1.5 милиони вработени во тие институции. Европската комисија воведе реформи во три области кои водат кон формирање на област на европското повисоко образование до 2010 година. Реформите се: реформа во студиската структура (додипломски, последипломски и докторски студии, признавање на студиските програми, мобилност), реформа во управувањето (автономност, стратешки партнерства, квалитет на студиските програми) и реформа во финансирањето (различни извори за финансирање, доделување грантови, позајмици, надоместоци за студирањето).

## 93 Дали македонските државјани на универзитетите во ЕУ ќе бидат ослободени од плаќање на школарина?

Откако Република Македонија ќе стане држава-членка на ЕУ, нејзините државјани ќе можат да студираат на универзитетите во ЕУ под истите услови како и државјаните на државите-членки во кои се наоѓа универзитетот. Тоа значи дека ќе биде или ослободен од плаќање на школарина или ќе плаќа школарина еднаква на онаа којашто важи за државјаните на земјата во која се наоѓа соодветната високообразовна установа.

## 94 Ќе се зголемат ли можностите за поголем проток на научници?

Да, можностите за поголем проток на научниците во ЕУ ќе биде поголем затоа што нема да постојат граници, во денешна смисла на зборот. Во ЕУ има програми со кои се поттикнува мобилноста и поголемата соработка меѓу европските научници. Рамковните програми имаат за цел да го остварат формирањето на Европскиот истражувачки простор, со цел подобро да се искористат постојните истражувачки капацитети и напори вложени во истражувањето и во развојот во Европа.

## 95 Што ако голем број научници од Република Македонија ни избегаат во странство?

Зголемената мобилност на научниците се смета за еден од поважните предуслови за подобрување на науката и за засилување на конкурентноста на европскиот истражувачки простор, па затоа истата и се поттикнува. Исто така, се поттикнува

и враќањето на научниците во нивната матична земја, со т.н. „циркулирање на мозоци". Но, проблемот на заминувањето на европските научници во трети земји не е занемарлив. Затоа, со рамковните програми за наука и технолошки развој на ЕУ се поттикнува реинтеграцијата, т.е. враќањето на истражувачите во ЕУ.

## 96 Со која програма можат да се финансираат проекти за претшколското, основното и средното образование?

Потпрограмата Comenius, која е дел од програмата „Доживотно учење" е релевантна за следниве членови на образовната заедница: ученици, наставници, локални власти, родителски асоцијации, невладини организации, институти, универзитети итн. Со потпрограмата се зголемува мобилноста на учениците и на вработените во образованието; се поттикнува партнерството меѓу училиштата; се поттикнува учењето јазици и компјутерските и телекомуникациските технологии; се подобрува педагошкиот пристап и управувањето со училиштата. Со потпрограмата Leonardo da Vinci се финансираат проекти во стручните средни училишта.

## 97 Со кои програми може да се финансираат проекти за универзитетското образование?

Со потпрограмите Erasmus, Jean Monnet, Tempus и Erasmus Mundus (некои се дел од програмата „Доживотно учење") се финансираат проекти за универзитетското образование. Со програмите се помагаат студентите да студираат, работат и да учат јазици во странство; се помагаат вработените во универзитетите и во институтите да предаваат и да бидат обучени во странство; се поттикнуваат универзитетите и институтите да формираат мрежи и да учествуваат во мултилатерални проекти, а претпријатијата да најдат работни места за практична работа за студентите и да соработуваат со универзитетите.

## 98 Со која програма може да се финансираат проекти за образование на возрасните?

Со потпрограмата Grundtvig (дел од програмата „Доживотно учење") се финансираат проекти за образование на возрасните. Тие проекти поттикнуваат мобилност, вклучувајќи посети, практична работа, учество во мултилатерални проекти, учество во мрежа на експерти и организации за развој на образованието на возрасните, итн.

## 99 Како европските студенти добиваат поддршка да студираат во повеќе членки на ЕУ?

За 20 години постоење, најстарата и најдобро позната програма Erasmus им овозможила на речиси 2 милиона млади Европејци дел од своето универзитетско образование да го поминат во

странство. Erasmus Mundus и Tempus се програми на ЕУ кои ја поддржуваат мобилноста во високото образование меѓу Европската унија и трети земји.

## 100 Како ЕУ ги поддржува научниците?

Стипендиите Marie Curie им овозможиле на илјадници научници и истражувачи да ја продолжат својата работа во странство.

## 101 А Македонија!? Можат ли и македонските граѓани да добијат поддршка преку некоја програма?

Еден дел од програмите за мобилност уште сега се отворени/достапни за Македонија. Така, Erasmus Mundus програмата со иницијативата Western Balkans Window нуди 150 грантови за постдипломски европски студии на европските универзитети, а преку иницијативата External Cooperation Window 600 грантови за мобилност за студенти, истражувачи како и за академски персонал од државите од Западен Балкан, почнувајќи од 2008 година.

## 102 Отворањето на границите за научниците, работниците, студентите, младите значи опасност од „одлив на мозоци".

## Дали може да се спречат тешките последици?

Може да се очекува дека либерализацијата на пазарот на работната сила на Европската унија ќе доведе до одлив на работна сила од Македонија, особено одлив на млад и висококвалификуван кадар. Одливот на мозоци (т.н. brain drain) претставува загуба на човечко и интелектуално богатство/капитал, што ги осиромашува земјите со овој значаен ресурс. Условите за работа и повисоките примања во странство се причина голем дел од висококвалификуваните мигранти да останат и да го поминат профитабилниот дел од работниот век во земјите-примачи, каде што има подобри работни услови. Но, проблемот на одлив на мозоци не е нов за Македонија, туку има подолга историја. Впрочем, миграцијата на висококвалификуваната работна сила, а особено на научници и истражувачи, е универзална појава со која се соочува не само Македонија, туку и Европската унија.

## 103 Дали може да се спречат тешките последици?

ЕУ уште одамна го признала значењето на човечкиот капитал за економскиот раст, но и поширoко за општествениот развој, па императивот/потребата од постојано вложување во него ја издигнала на ниво на врвен стратешки приоритет. Вложувањето во својот човечки потенцијал Унијата го канализира преку различни политики и инструменти. Така, проектот Европскиот истражувачки простор (ЕИП) ги обединува истражувачките политики и капацитети на државите-членки, додека инструментот 7-та Рамковна програма обезбедува финансирање на научни и

истражувачки проекти. Европската мрежа на центри за мобилност и веб-порталот за кариери во заедничкиот истражувачки простор се само дел од иницијативите кои ги намалуваат препреките за мобилност, ја поддржуваат циркулацијата на научници и истражувачи и нивното враќање во матичната земја (т.н. brain circulation).

Од друга страна, досегашните искуства од последните две проширувања на ЕУ покажуваат дека работната мобилност има и времен карактер. Многу од емигрантите по извесно време се враќаат дома, но со зголемени работни искуства, вештини и способности, како и со меѓународни контакти, што може да биде од голема корист за развојот на нивната матична држава, т.н. brain gain. Покрај тоа, економското зајакнување што следувало по пристапувањето кон ЕУ, во случаите на Шпанија и Португалија, на пример, мотивирало спротивна миграција, миграција на работната сила назад во матичните земји.

## 104 Македонија веќе подолг период има проблем со високата стапка на невработеност. Како ќе влијае тоа на нашето приближување до ЕУ?

До влегувањето во Унијата Македонија ќе мора да спроведе низа сеопфатни реформи со кои ќе воспостави функционална пазарна економија способна да го издржи конкурентскиот притисок на европскиот пазар. За да го исполни овој основен економски критериум за членство, кој е истовремено и императив за опстанок во глобализираната економија, Македонија меѓу другото ќе мора да создаде и функционален, флексибилен и адаптибилен пазар на труд. Тоа пак значи дека Македонија треба да го реформира трудовото законодавство, со разни мерки активно да го поттикнува вработувањето, да вложува повеќе во образовниот систем, во истражувањата и во развојот, да го модернизира системот на социјалната заштита, да го воведе концептот за доживотно учење.... Сепак, основен и главен генератор на новите работни места се малите и средните, а особено микро претријатијата. Затоа, доколку сака долгорочно да влијае на редуцирање на невработеноста, Македонија не само што ќе мора успешно да ги реализира сите овие реформи, туку ќе мора да работи и на создавање деловна клима поволна за развој на малите и средните претпријатија. Поволната деловна клима во прв ред значи владеење на правото, заштита на приватната и на интелектуалната сопственост, но и пристап на малите и средните претпријатија до финансиски средства, под поволни услови.

## 105 Дали ЕУ може да ѝ помогне на Република Македонија во решавањето на проблемот со невработеноста?

Да. По стекнувањето на кандидатскиот статус на Република Македонија ѝ се пристапни (1) Програмата Прогрес, (2) инструментот за претпристапна помош ИПА, во неговата четврта компонента – Развој на човечките ресурси или (3) Програмата за доживотно учење ЛЛЛ, како и (4) Програмата за конкурентност и иновации.

По интегрирањето на Македонија во ЕУ ќе се отворат и европските структурни фондови

со други инструменти за помош и поддршка. Дали и колку Македонија ќе умее да ги исползува достапните финансиски средства ќе зависи исклучиво од нас самите. Искуството од последните две проширувања на Унијата покажува дека невработеноста во новите држави-членки во сите години по приемот не само што не се зголеми, туку напротив континуирано се намалуваше.

## 106 Дали членството во ЕУ ќе доведе и до отворање на нови работни места?

Да. Со приклучувањето кон ЕУ, Македонија ќе стане дел од Единствениот пазар од околу 480 милиони потрошувачи. Укинувањето на царините и другите трговски бариери ќе доведе до поголеми можности за вработување, особено во извозно ориентираните индустрии. Конкуренцијата на европскиот пазар ја стимулира модернизација на работењето, а олеснетиот пристап до евтин капитал, нови технологии и знаење ја зголемува конкурентноста на компаниите. Од друга страна, потребата од специфични знаења и вештини за вклучување на домашните компании на европскиот пазар ќе доведе до пораст на вработувањата на младите и високообразовани кадри. Конечно, економската и политичката стабилност на Македонија како членка на ЕУ ќе влијае на атрактивноста на земјата за странски, но ќе ги охрабри и домашните вложувања. Синергијата на сите овие процеси неминовно ќе води до пораст на вработеноста и до намалување на невработеноста во Македонија.

## 107 Што прави ЕУ на полето на социјалната заштита?

Социјалната политика, исто како и политиката на вработување, не е во исклучива надлежност на ЕУ, туку е пред сè одговорност на самите држави-членки. Сепак, ЕУ поаѓајќи од сопствената цел „за промовирање хармоничен, балансиран и одржлив економски развој, високо ниво на вработеност и социјална заштита, [ ... ] подигање на животниот стандард и на квалитетот на животот, економска и социјална кохезија и солидарност меѓу државите-членки", поддржува одредени активности во областа на социјалната заштита. На пример, ЕУ дефинира одредени минимални стандарди и права на социјална заштита кои мора да биде обезбедени во сите држави-членки. Членките можат сами да усвојуваат правила и регулативи за социјална заштита, кои ќе биде уште поголеми/поеопфатни од минималната утврдена на ниво на ЕУ, но не под неа.

Дополнително, секоја членка може да ги користи и средствата од Европскиот социјален фонд или од Европскиот фонд за приспособување на глобализацијата за разновидни програми на полето на социјалната политика, според приоритети што самата ги одредува.

## 108 Како Република Македонија се подготвува на ова поле – за членство во ЕУ?

За да се приклучи кон ЕУ, Македонија ќе мора да исполни одредени барања од ЕУ законодавството на планот на социјалната заштита, пред сè оние кои се однесуваат на социјалната политика.

Станува збор за воведување минимални стандарди во трудовото законодавство, заштитата при работа и сигурноста на работно место, родовата еднаквост, мерките за борба против дискриминацијата врз основа на етничкото потекло, верските и религиозните убедувања, возраста или сексуалната ориентација и лица со пречки во развојот, како и мерки за промовирање на социјалниот дијалог, социјалната заштита и социјалната инклузија.

## 109 Што е тоа Европска стратегија за вработување - повеќе и подобри работни места за сите?

Во раните 90-ти години на минатиот век речиси сите држави-членки на ЕУ се соочувале со проблемот на невработеноста. И покрај позитивниот економски раст, стапката на вработеност била многу пониска од онаа на главните конкуренти на ЕУ, голем бил бројот на долгорочно невработените како и на лицата кои безуспешно трагале по работно место. Жените, младите, постарите лица, етничките малцинства и лицата со хендикеп имале посебни потешкотии на пазарот на работната сила. Согледувајќи ја тежината на проблемот Европската комисија кон крајот на векот ја лансираше Европската стратегија за вработување, со цел да се создадат повеќе и подобри одржливи работни места и работни можности за групите со помалку шанси на пазарот на трудот. Овие основни цели, Стратегијата ги остварува(ше) базирајќи се на 4 основни столба: работливост, претприемништво, адаптибилност и еднакви можности, а користејќи ја финансиската поддршка од Европскиот социјален фонд. Иако евидентното зголемување на бројот на вработените и намалувањето на процентот на невработени не може целосно да се припише само на Стратегијата за вработување, денеска таа важи за успешна европска приказна.

## 110 Што предвидува Лисабонската стратегија за растот и работните места?

На Самитот во Лисабон во 2000 година, Европската унија си постави нова, амбициозна стратешка цел: до 2010 година ЕУ треба да стане најкомпетитивна, динамична економија во светот, базирана на знаење, способна за одржлив економски развој, со повеќе и подобри работни места и со поголема социјална кохезија. Пет години подоцна Унијата сè уште се соочува со сериозни структурни проблеми, со популација којашто старее, како и со опаѓање на економските перформансите. Затоа, Комисијата предложи ревизија на Стратегијата, со цел фокусот да се стави на напорите за остварување на две главни цели: обезбедување посилен, траен раст и отворање на повеќе и подобри работни места. Унијата ги остварува овие цели преку активности во три подрачја: ЕУ како поатрактивно место за инвестиции и работа, вложување во знаењето и иновациите за остварување развој и креирање на повеќе и подобри работни места. Крајни цели на стратегијата се да зголеми просечната стапка на вработеност во ЕУ (на 70%), да се зголеми процентот на вработени жени (на 60%), а на постарите лица на 50%, да се редуцира невработеноста, особено кај младите, долгорочно невработените лица, но и кај другите ранливи групи и, конечно, да се зголеми учеството на пазарот на трудот, т.е. да се намали неактивноста на населението.

## 111 Кои можности им се на располагање на младите Европејци, за разлика од нивните родители?

Новите генерации млади Европејци можат слободно да патуваат, да се дружат, да учат или да работат во која било држава-членка на Унијата, независно од тоа во која држава се родени, кој јазик го зборуваат или од каде потекнуваат.

## 112 Како да дојдам до информации доколку сакам да живеам, учам, волонтирам, патувам или да работам во некоја од државите-членки на ЕУ?

Младите луѓе од Европа кои сакаат да патуваат, учат, студираат, работат и да живеат во која било земја од Унијата, сите информации, совети или одговори на прашањата можат да ги добијат преку Младинскиот портал http://europa.eu/youth/index.cfm. Покрај тоа, преку порталот младите можат да учествуваат во онлајн дискусии или да добијат одговор на определени прашања. Целта на порталот е да се зајакне учеството на младите во јавниот живот.

## 113 Што им овозможи Европската унија на младите?

Благодарение на Програмата на Заедницата за младите, младите во Европската унија можат активно да учествуваат во културниот и во социјалниот живот на Унијата. Благодарение на различните иницијативи и отвореноста на Унијата, како и на Програмата на Заедницата за младите, младите можат да учествуваат во процесот на донесување одлуки во рамките на Унијата.

## 114 Дали моите квалификации и вештини ќе бидат признаени доколку сакам да го продолжам школувањето или да работам во друга европска земја?

Со цел да се овозможи адекватно вреднување на стекнатите квалификации и вештини, во рамките на Европа (ЕУ, ЕФТА/ЕЕА и земјите кандидати за членство) од 2004 година постои EUROPASS, услуга којашто е обезбедена преку мрежата национални центри и Интернет портал. Europass го сочинуваат пет документи: Europass curriculum vitae (CV) и Europass Language Passport (кои ги пополнуваат заинтересираните лица) и Europass Certificate Supplement, Europass Diploma Supplement и Europass Mobility (кои ги пополнуваат и издаваат надлежните организации). Интересен е податокот дека на Europass порталот секојдневно онлајн се пополнуваат во просек по 3.000 CV -ја.

## 115 Што претставува програмата „Младите во акција"?

„Младите во акција" е програма на ЕУ наменета за млади луѓе на возраст меѓу 15 и 28 години (во одредени случаи, меѓу 13 и 30 години), која има за цел да придонесе за зголемување на чувството за активно државјанство, солидарност и толеранција меѓу младите, како и да ги вклучи младите во процесот на креирање на иднината на Унијата.

Програмата е наменета за сите млади, независно од нивното образование, социјално или културно потекло. Преку програмата се настојува да се постигне поголема мобилност и дружење во рамките и надвор од границите на ЕУ, да се зголеми интеркултурниот дијалог и да се подобрат вештините и квалификациите на младите преку неформално учење.

Со буџет од 885 милиони евра за период од седум години (2007–2013), програмата поддржува голем број различни активности на младите, преку пет акции:

- „Младите за Европа" (опфаќа младинска размена, дружење на младите од различни земји, учество на младите во демократските процеси преку проекти, и други младински иницијативи);
- Европски волонтерски сервис (учество на младите во волонтерски активности во рамките или надвор од ЕУ);
- Младите во светот (обука, размена на добри практики и други форми на соработка со младите од соседните земји на Унијата или од други земји од светот);
- Системи за младинска поддршка (меѓу другото, поддршка на Европскиот младински форум), и
- Поддршка на европската соработка на полето на младите (соработка на младите, семинари, размена на искуства и знаења од областите што се поврзани со младите, како и соработка со меѓународните организации кои работат на проекти наменети за младите).

Истата е отворена за младите од ЕУ, Исланд, Лихтенштајн, Норвешка, Турција, соседните земји на ЕУ (земјите од Југоисточна Европа, Источна Европа и Кавказ, медитеранските земји и други земји-партнери од светот).

## 116 Дали влезот во ЕУ ќе донесе промени во културната политика?

Културната политика е едно од подрачјата кои ЕУ им ги остава на државите-членки, дозволувајќи самите да го уредуваат, вклучувајќи го и формулирањето на културните политики и одлуки за финансирање на културата. Сепак, културата, како и другите сектори, е вклучена во голем број хоризонтални мерки и ќе биде потребно приспособување кон европските стандарди, со што на македонските уметници би им се овозможило рамноправно учество на заедничкиот европски културен простор. Пристапувањето во ЕУ ќе отвори можности за учество во заеднички европски проекти, што ќе биде поттик за уметниците и институциите да создаваат креативни дела на радост на домашната публика.

## 117 Дали луѓето кои работат во културата и во институциите во културата во Република Македонија можат да користат погодности од ЕУ фондовите?

Луѓето кои работат во културата и во институциите на културата во сите држави-членки на ЕУ, во земјите на Европската економска област, во државите кандидати за влез во ЕУ и во другите балкански држави можат да ги користат погодностите на програмата „Култура 2007-2013". Програмата има за цел да ја промовира транснационалната мобилност на луѓето кои работат во културата, да ја поттикне транснационалната циркулација на уметнички дела и продукти, како и да го поттикне меѓукултурниот дијалог.

## 118 Дали и кога Скопје ќе стане „Европски главен град на културата"?

Со програмата „Култура" се управува акцијата за избор на „европски главен град на културата". Акцијата започнала во 1985 година со Атина, како прв европски град на културата во Европа, а годинава, во 2009, европски главни градови на културата се: Вилнус во Литванија и Линц во Австрија. Веќе се познати европските главни градови на културата до 2019 година (град од Италија и од Бугарија). Дури по влегувањето на Република Македонија во Европската унија некој град од Република Македонија ќе добие можност да биде избран за европски главен град на културата.

## 119 Како Владата на Република Македонија ќе го поттикнува зачувувањето на македонскиот национален идентитет?

Европските држави од самиот почеток на процесот на интеграција биле свесни дека економската и политичката интеграција мора да доведе до поголемо уважување на различноста, а никако до создавање на нова европска „нат-култура". Еден од основните принципи на кои почива ЕУ е т.н. еднаквост во различноста, принцип за кој ќе се залага и ќе го брани Република Македонија откако ќе стане полноправен член на ЕУ.

## 120 Како државата се подготвува за живот во мултикултурна заедница каква што е ЕУ?

Државјаните на Република Македонија се подготвени да ги прифатат предизвиците што ќе им ги постави животот во мултикултурната заедница, каква што е ЕУ. Република Македонија е мултикултурна и мултиконфесионална држава што ја прави пример од кои другите земји можат да учат.

## 121 Колку официјални и малцински јазици има во Европа?

Јазичната различност е демократски и културен камен-меѓник на Европската унија. Во Европската унија се зборуваат 23 официјални јазици од страна на речиси 500 милиони луѓе, а во поширокиот европски простор се зборуваат околу 60 малцински јазици од страна на околу 55 милиони луѓе.

## 122 Што се „културни индустрии”?

Културните индустрии се средства за зачувување на културниот идентитет и различност, а вклучуваат и кинематографски и аудиовизуелни медиуми, издаваштво, занаетчиство и музика. Во нив работат околу 7 милиони Европејци.

Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France G
Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania S
United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia
Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Netherlands Poland Port
Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic D
Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg Malta The Nethe
Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium Bulgaria Cyprus C
Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lithuania Luxembourg
Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kingdom Austria Belgium
Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungary Ireland Italy Latvia Lit
Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia Spain Sweden United Kin
Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France Germany Greece Hungar
Luxembourg Malta The Netherlands Poland Portugal Romania Slovakia Slovenia
Austria Belgium Bulgaria Cyprus Czech Republic Denmark Estonia Finland France G

# РОДОВА ЕДНАКВОСТ

## 123 Дали е родовата еднаквост „женско" прашање?

Долго време политичарите и оние кои ги донесуваат одлуките, па дури и самите жени, веруваа во тоа дека родовата еднаквост е главно „женско" прашање. Сепак, овие два концепта суштински се разликуваат во поглед на проблемот што го третираат, целта што сакаат да ја постигнат и, конечно, во поглед на стратегијата што ја применуваат. Табелата подолу е илустрација на разликите меѓу двата концепта.

| | Женско прашање | Родова политика |
|---|---|---|
| Фокус | Жените | Односите меѓу жените и мажите во општеството |
| Проблем | Исклученоста на жените во општеството | Нееднакви односи коишто не дозволуваат целосно учество на жените и на мажите и претставуваат пречка за еднаков и правичен развој |
| Цел | Поефикасен и поефективен општествен развој | Еднаков развој, при што жените и мажите заеднички одлучуваат, ја делат власта, но и можностите и ресурсите |
| Решение | Интеграција на жените во структурите | Трансформација на нееднаквите односи и структури и зајакнување на помалку привилегираните и на жените |
| Стра-тегија | Проекти кои се однесуваат само на жените – за зголемување на продуктивноста, приходот и способноста на жените за водење на домот | Идентификување и решавање на практичните стратегиски потреби утврдени заеднички – од жените и од мажите – во насока на подобрување на нивните услови |

## 124 Дали родова еднаквост може да се постигне со закони?

Развојот на родовата политика во Европската унија поминал низ неколку фази. Уште од 1957 година, со Договорот од Рим, еднаквиот третман на жените и на мажите се смета за основен принцип на Европската унија. Сепак, резултатите изостануваат. Седумдесеттите години во ЕУ се познати како периодот на поединечните права на еднаквост. Во 1975 година беше донесена првата директива, а потоа следуваа уште многу други директиви. Законите се покажаа ефективни во борбата против претераната дискриминација, но недоволни за постигнување еднаквост. Тие поаѓаа од тезата дека жените и мажите треба

да бидат третирани подеднакво, заборавајќи на тоа дека жените и мажите не тргнуваат од иста позиција. Стана очигледно дека неутралните политики нема да го донесат посакуваниот резултат. Во табела бр.2 се наведени поважните директиви што се применуваат во државите-членки на Европската унија.

## 125 Дали со позитивната дискриминација се постигнува родова еднаквост?

Во осумдесеттите години се направи обид проблемите на жените да се решат со помош на конкретни позитивни акции, кај нас попознати како „позитивна дискриминација" или квоти. Тоа го означи почетокот на политиките ориентирани кон жените. Овие политики главно се занимаваа со она „што им недостига" на жените – водејќи се од претпоставката дека проблемот е во жените, па затоа жените треба да се менуваат. Позитивната дискриминација во корист на жените се покажа како делумно решение. Квотите само ги подготвуваа жените да функционираат во општество во коешто доминира машката култура, но не ја предизвикаа истата. Следниот чекор беше логичен – Европската унија да го промени пристапот, па во 1996 година го воведе т.н. „вградување на родовата димензија во главните општествени текови" (gender-mainstreaming).

## 126 Што е „вградување на родовата димензија во главните општествени текови" (gender-mainstreaming)?

Овој пристап поаѓа од фактот дека постојните структури не се родово-неутрални и дека на еден суптилен начин го ставаат едниот или другиот пол во поповолна положба. Се покажа дека е неопходно во политиките што се донесуваат и спроведуваат да се вградуваат најразлични аспекти (возраст, етничко потекло, лица со посебни потреби, сексуалната ориентација итн.), бидејќи и тие влијаат на можноста на некое лице еднакво да се натпреварува. Овој концепт не подразбира само обично подобрување на пристапот или балансирање на статистиката, ниту пак е обвинување на другите за нееднаквоста и барање изговор за преземањето активности и проекти од кои корист би имале само жените. Со вградувањето на родовата димензија во сите општествени текови станува јасно дека полот игра основна улога во организацијата на општеството и влијае врз нашите животи од моментот на раѓањето. Постојат разлики во животите на жените и на мажите и затоа тие имаат различни потреби, искуства и приоритети. Процесот е проактивен и насочен кон намалување на сиромаштијата, поттикнување на економскиот раст и зајакнување на граѓанството. Економската логика зборува дека жените, како и мажите, се активни и треба 100% да ја користат својата продуктивна работна сила.

## 127 Дали жените во Европска унија имаат помали плати од мажите?

Европската унија не е идеална, иако се стреми кон подобрувања во сите сфери на општественото живеење. Постојано се зголемува бројот на жените кои работат, а од 2000 година наваму, речиси три четвртини од милионите нови работни места во Европа се пополнети со жени. Сега девојките на училиште покажуваат подобри резултати од момчињата и претставуваат 59% од универзитетските дипломирани студенти во ЕУ. Сепак, и покрај напредокот, жените сè уште заработуваат 15% помалку од мажите. Ж ените сè уште претставуваат малцинство во политиката и само мал број жени се на високи менаџерски позиции. Од тие причини, ЕУ со полна пареа работи на забрзано елиминирање на дискриминацијата, како единствен начин за постигнување на родова еднаквост. Клучните цели што треба да се исполнат до 2010 година се: разбивање на стереотипите и постигнување економска независност на жените, за тие да можат да работат, да остваруваат сопствени приходи и да имаат еднакви права на бенефиции. Европската унија има воспоставено мрежа на жени вклучени во политиката, со цел да го забрза пристапот на жените до власта.

## 128 Дали се мажите подобри претприемачи од жените?

Бројот на мажите кои имаат свои фирми низ цела Европа е многу поголем од бројот на жените. Само околу 8% од целокупната женска работна сила се претприемачи, во споредба со 16% мажи. Но, тоа никако не значи дека мажите се поуспешни бизнисмени од жените. Жените, најчесто, наидуваат на поголеми проблеми во пристапот до финансиите за да отворат или да го прошират својот бизнис. Најновите бројки покажуваат дека бројот на мажите кои се самовработени и кои вработуваат други кај себе е трипати поголем отколку кај жените. Европската унија верува дека претприемачките вештини на жените можат да го зајакнат просперитетот на Европа. Од 2004 година се спроведува иницијатива за зголемување на бројот на нови бизниси на жените. Европската мрежа за промоција на претприемаштвото на жените има свои членови во 30 европски држави и обезбедува совети и поддршка и ги олеснува контактите меѓу жените-претприемачи, а со тоа им помага да го изградат својот профил и да ги прошират нивните бизниси.

## 129 Како се третира насилството против жената во Европската унија?

Насилството против жената, во која било форма, е неприфатливо. Но, и покрај тоа, многу жени и девојки во Европа и натаму живеат во сенката на агресијата или експлоатацијата. Тие се жртви на домашно насилство или на сексуална злоупотреба, на трговијата со луѓе или на присилна проституција, или, пак, на заплашување и на притисок, со што се загрозени нивните основни права на слобода, достоинство и безбедност. Европската унија се бори против корените на трговијата со луѓе, со тоа што ги фаќа криминалните банди кои живеат на сметка на жените. Тоа се постигнува преку меѓународна соработка на полицијата и судиите и со помош на софистицирани размени на разузнавачки ин-

формации. Жените станууваат помалку ранливи на експлоатација доколку истовремено се води борба против сиромаштијата, особено во државите во развој.

## 130 Дали државите кои предвиделе подолги породилни отсуства за жените повеќе ги разбираат потребите на жените?

Подолгите породилни отсуства не значат и поголемо разбирање за потребите на жените. Напротив, тие понекогаш се посуптилен начин за стимулирање на жените да останат дома и да се грижат за децата, наместо да градат професионална кариера. Комбинирањето на работните задачи заедно со грижата за децата и за другите членови на семејството е сè поважно за жените, а во последно време и за мажите. И покрај тоа, поделбата на домашните обврски сè уште не е еднаква, така што на жените им е сè потешко да изградат своја кариера. Само 65% од жените со мали деца во ЕУ работат, во споредба со 91% од мажите. Европската унија се обидува да воспостави подобра рамнотежа меѓу професионалниот, приватниот и семејниот живот, за да можат сите да планираат да имаат деца или да се грижат за другите роднини без да трпат стрес или да се плашат од сиромаштија. Затоа постојат закони за родителско отсуство, скратено работно време и за заштита на бремените жени и на родилките на работното место. Европската унија презема мерки за зголемување на платеното отсуство од работа за двајцата родители (не само на жените) и за воведување на флексибилно работно време, со што тие би можеле да постигнат подобра рамнотежа меѓу ивните професионални и семејни обврски.

| Директива за | Број на директивата | Намена |
|---|---|---|
| Еднаква плата | 75/117/EEC - OJL 45 19.2.1975 | Елиминација на половата дискриминација во сите аспекти на добивањето плата |
| Еднаков третман | 76/207/EEC - OJL 39 14.2.1976 | Елиминација на полова дискриминација - директна и индиректна – и на каква било поврзаност со брачниот и семејниот статус, при пристапот до вработување, обука, работни услови, напредување или отпуштање |
| Социјална безбедност | 79/7/EEC - OJL 6 10.1.1979 | Еднаков третман на жените и на мажите во законската заштита при болест, инвалидитет, старост, несреќа при работа и професионални заболувања и при невработеност |
| Професионална социјална безбедност | 86/378/EEC - OJ L 225, 12.8.1986 | Спроведување еднаков третман на жените и на мажите во професионалните социјални шеми за безбедност. Изменета и дополнета во 1996 година. |
| Само-вработување | 86/613/EEC - OJ L 359, 19.12.1986 | Примена на принципот на еднаков третман на жените и на мажите кај самовработените, вклучувајќи го и земјоделството и заштитата на самовработените жени за време на бременоста и на мајчинството |
| Бремени работнички | 92/85/EEC - OJ L 348, 28.11.1992 | Примена на минимални мерки за подобрување на заштитата и здравјето на работа на бремените жени и на родилките или доилките, вклучувајќи го и законското право на породилно отсуство од најмалку 14 недели. |

| | | |
|---|---|---|
| Родителско отсуство | 96/34/ЕC - OJ L 145, 19.6.1996 | Им гарантира на сите родители на деца до одредена возраст дефинирана од државите-членки, да можат да добијат најмалку 3 месеци родителско отсуство, како и за поединци да можат да земат слободно време кога зависен член од семејството е болен или повреден |
| Товар на докажување | 97/80/ЕC - OJ L 14, 20.1.1998 | Промена на судските системи на државите-членки за товарот на докажувањето да се распредели поправично кај случаи кога работниците се жалат на сексуална дискриминација од страна на нивните работодавци |
| Еднаков третман при вработување | 2002/73/ЕC -OJ L 269, 5.10.2002 | Суштински ја надополнува Директивата за еднаков третман, со додавање дефиниции за индиректна дискриминација, малтретирање и сексуална злоупотреба и бара државите-членки да воспостават тела за еднаквост заради промоција, анализа, следење и поддршка на еднаквиот третман на жените и на мажите |
| Стоки и услуги | 2004/113/ЕC-OJL 373, 21.12.2004 | Примена на принципот на еднаков третман на жените и на мажите во пристап до стоки и услуги што се достапни за јавноста. За прв пат законодавството за родова еднаквост се проширува и надвор од областа на вработувањето. |

# ДОГОВОРОТ ОД ЛИСАБОН

## 131 Што се случи со Уставот на Европската унија и во што се разликува со Договорот од Лисабон?

Се промени самото име – од уставен договор во реформски договор. Голем дел од содржината на нацрт-уставниот договор е преземен, но структурата и формата на новиот договор се многу поинакви (тој е изменет и дополнет, а не консолидиран договор). Тоа значи дека ратификацијата ќе може да се избегне во повеќето држави-членки, бидејќи ставот на владите е дека се работи за техникалии.

## 132 Кои ќе бидат институциите на ЕУ?

Реформскиот договор предвидува седум институции на ЕУ (сега се пет), а некои се и преименувани. Тоа се следниве институции: Европски парламент, Европски совет, Совет, Европска комисија, Суд на правдата на Европската унија, Европска централна банка и Суд на ревизорите. Оттука се гледа дека Европскиот совет е издигнат на ниво на институција, како и Европската централна банка, која претходно беше хибрид меѓу институција и тело на Европската заедница.

## 133 Дали по стапувањето во сила на Договорот од Лисабон ќе се избира претседател на ЕУ?

Ќе се избира претседател на Европскиот совет, со мандат од 2,5 години и право на само уште еден реизбор. Засега е задржано ротирачкото претседателство на различните конфигурации на Советот (пр. земјоделство, правда), освен кај Советот за надворешни прашања, на чие чело стои Високиот претставник на Унијата за надворешни прашања и за безбедносна политика[1].

## 134 Ќе има ли ЕУ Министер за надворешни работи?

Обединетото Кралство инсистираше називот на оваа функција да биде Висок претставник на Унијата за надворешни прашања и за безбедносна политика, но таа de facto е министер за надворешни работи на ЕУ. Ова лице истовремено е и потпретседател на Европската комисија и ќе биде одговорно за надворешните работи и за буџетот (од повеќе милијарди) за

1 Се менува и титулата од Висок претставник за заедничката надворешна и безбедносна политика во Висок претставник на Унијата за надворешни прашања и за безбедносна политика.

надворешни прашања. Тој/таа претседава со Советот за надворешни работи на ЕУ. Иако во повеќето области при донесувањето на одлуките ќе се користи квалификувано мнозинство, кај надворешната политика ќе продолжи да се користи едногласноста, односно сите државичленки имаат право на вето. Се основа Служба за надворешни акции на ЕУ (дипломатски сервис).

## 135 Како ќе изгледа новиот систем на гласање?

Новиот систем на двојно мнозинство во Советот (55% од државите-членки кои претставуваат 65% од населението на ЕУ) ќе влезе во сила во 2014 година, со тригодишен период на транзиција. За да не заглавел договорот околу ова прашање, одложувањето до 2017 година е компромисна отстапка за Полска. Квалификуваното мнозинство се користи уште во 51 област на политиката, додека едногласноста и натаму ќе се применува кај надворешната политика, социјалната сигурност, даночната политика и кај културата. Обединетото Кралство доби дерогација кај судската и полициската соработка.

## 136 Што предвидува Договорот од Лисабон за националните парламенти и за Европскиот парламент?

Постапката на коодлучување (Советот и Парламентот) се проширува и во нови области, како што се правдата и внатрешните работи. Холандија инсистирала на тоа националните парламенти да добијат механизам за рано предупредување, со кој ќе можат да му се спротивстават на нацрт-законодавството на ЕУ поради непочитување на принципот на супсидијарност. Европскиот парламент го избира претседателот на Европската комисија со просто мнозинство, по предлог на Советот. Теоретски, ова треба да воведе конкуренција кај политичките насоки на Комисијата.

## 137 Што ќе стане со Повелбата на ЕУ за основните човекови слободи и права по стапувањето во сила на Договорот од Лисабон?

Оваа повелба станува законски обврзувачка, но текстот на Повелбата не влегува во Договорот. Во Обединетото Кралство судовите нема да можат да постапуваат по истата, а Полска наметна унилатерална декларација за тоа дека Повелбата не може да влијае врз надлежноста на националната влада да може да уредува во областа на „јавниот морал и семејното право", што – наводно – немало никаква законска важност.

## 138 Што со симболите на ЕУ?

Сите симболи и упати на државничките ознаки, како што се на пример уставот, знамето, химната, мотото итн. се отфрлени во Договорот. Европските федералисти го сметаат ова за главен неуспех, но се претпоставува дека во реалноста тоа нема да значи многу.

## 139 Дали Европската унија има меѓународно правен субјективитет?

Европската унија доби правен субјективитет со што може да стапува во правни односи со други држави или меѓународни организации, да презема права и обврски во тие односи, на пример, да склучува меѓународни договори, да пристапува кон меѓународни организации и сл.

## 140 Дали е прифатлива зајакнатата соработка во ЕУ по Договорот од Лисабон?

Се поддржува можноста девет или повеќе држави-членки потесно да соработуваат во дадена област и политика. На тој начин, впрочем, беше воведено еврото и се создаде Шенгенската зона за слободна трговија. Опасноста од зајакнатата соработка со одреден број држави е тоа што може да доведе до сценариото на „Европа од повеќе брзини" (или Европа од концентрични кругови), при што може да се случи некои држави да бидат поинтегрирани за разлика од други. Иако ова не е, можеби, најсреќното решение, сепак тоа ја избегнува можноста за создавање на „Европа од најмал заеднички именител".

## 141 Дали Договорот од Лисабон предвидува и нови заеднички политики?

Се воведуваат нови упати во однос на **енергијата** (солидарност) и потребата од борба против **климатските промени**. Сепак, не се пренесени нови надлежности на ниво на Европската унија.

## 142 Што со политиката на конкуренција?

Договорот содржи нов, законски обврзувачки протокол, во којшто се наведува дека внатрешниот пазар вклучува систем што обезбедува неискривување на конкуренцијата. Сите претходни одредби од областа на конкуренцијата се задржани.

## 143 Дали политиката на ЕУ за проширување е дел од договорот?

Се предвидува дека државите кои пристапуваат во членство во ЕУ ќе ги промовираат „вредностите" на Унијата. Новиот член 1а од Општите одредби на Договорот ги наведува тие вредности[2]. Досегашниот „изговор" ( капацитет на ЕУ) не се споменува како критериум за членство. Генерално, новиот реформски договор е поволен за идните проширувања на ЕУ, бидејќи без претходна „зделка", голем број држави-членки

2 Член 1 а од Општите одредби на Реформскиот договор на ЕУ предвидува: „Унијата се темели на вредностите за почитување на човековото достоинство, слободата, демократијата, еднаквоста, владеењето на правото и почитувањето на човековите права, вклучувајќи ги и правата на лицата кои припаѓаат на малцинствата. Овие вредности се заеднички за државите-членки во општество во кое преовладуваат плурализмот, недискриминацијата, толеранцијата, правдата, солидарноста и еднаквоста меѓу жените и мажите".

ќе беа ставени во искушение да го блокираат натамошното проширување, под изговор дека институциите на ЕУ ќе беа немоќни и дисфункционални. Иако патот на проширувањето и натаму ќе биде „калдрма", сепак откако ќе помине процесот на ратификација ќе биде отстранета една важна пречка.

## 144 Кога ќе стапи во сила Договорот од Лисабон?

Договорот од Лисабон е потпишан од сите држави-членки и во моментов е на ратификација. Процедурата за ратификација од државите-членки се одвива според одредбите на нивните устави, а ја вршат националните парламенти на државите-членки, односно граѓаните – на референдум. На референдумот во јуни 2008 година во Република Ирска граѓаните на оваа држава-членка не го прифатија Договорот од Лисабон, што ја доведе Унијата во мала криза во врска со натамошниот развој и прифаќањето и примената на истиот. Изложена на силниот притисок на јавното мислење од страна на другите држави-членки, а свесна за потребата од реформа, во текот на 2009 година Република Ирска ќе спроведе втор референдум, на кој – според испитувањата на јавното мислење – се очекува нејзините граѓани да го прифатат Договорот. По ратификацијата од страна на сите држави-членки, Договорот од Лисабон ќе може да стапи во сила и да се започне со негова примена.

СЀ ШТО САКАВТЕ ДА ЗНАЕТЕ ЗА ЕУ